**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,19 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по 29-та седница на Собранието на Репулбика Македонија.

Пратениците: Владимир Ѓорчев, Фијат Цановски, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Радмила Шеќеринска, Љубисав Иванов Ѕинго, Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми,Рафис Алити, Тетута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Кадри, Данаил Дончев, Љубчо Герогиевски и Ѓорѓи Оровчанец, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот по предлогот за донесување на Деловник на Собрание на Република Македонија.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе,

Ова е ми се чини трети ден како разговараме за деловникот и тоа само по себе кажува нешто. Во моето обраќање денеска ќе се обидам врз база на конкретни факти и врз логични претпоставки и очекувања кога се разговара за деловник да констатирам дека вака предложениот деловник заради вака утврдената процедура досега и заради вака утврдената содржина во него дефинитивно не претставува деловник кој што треба да ја добие поддршката макар и во првата фаза и одтаму треба под итно да биде повлечен на доработка и на меѓусебно утврдување. Тој има големи деформитети и има големи од старт политички, содржински,формални и технички дилеми и проблеми кои што не дозволуваат да биде документ кој што треба да ја заслужи поддршката на мене лично како пратеник, но и на Социјалдемократскиот сојуз и на неговата пратеничка група.

Од самиот старт ќе видиме дека овој деловник има поддршка во моментот бидејќи е предложен од само 14 пратеници, малку повеќе 10% од прилика 11, а станува збор за документ кој што ги регулира сите меѓусебни парламентарни, политички, содржински и формални релации и односи внатре во Собранието. Значи, имаме демократски дом кој е одраз на волјата на граѓаните со 120 пратеници во овој момент и имаме обид за протнување, некој реплицираше вчера не на мала врата, низ прозор, на документ кој што има поддршка само на 14 пратеници.

Бидејќи имаше многу дискусија за тоа дека Република Македонија ги користела искуствата на нашите колеги и парламентите од развиената и демократска Европа ве молам прашајте ги оние шест пратеници кои што Конрат Аденауер ги однесе во Бундестагот, или искористете ги искуствата на оние ваши пратеници од владеачкото мнозинство кои што 99% се отсутни од државата и од парламентот и се на патување во странство, да ги прашате и они да ги прашаат нивните колеги во странство, дали остои Парламент кој што го усвоил својот деловник во првата фаза со поддршка, или пак разговарал за него само како предлог со 14 пратеници. Тоа нема теорија да се случи и од старт, и пред да ја отвориме правата страница на документот, овој документ има сериозна деформација. Ја нема поддршката на пратениците во ова Собрание, а ние треба да разговараме како ќе си го уредиме куќниот ред и како треба да се направиме и поефикасни и подемократски, а за тоа ќе говорам малку подоле во дискусијата.

Втората работа е што крупниот недостаток на овој деловник во оваа фаза е што тој се носи по само пет месеци од функционирањето на Владата на Република Македонија или малку повеќе од прилика седум месеци на функционирањето на овој законодавен дом. Токму затоа и СДСМ истакна дека има намера сериозно да разговара за донесување на деловник кој што и ќе ја зголеми демократијата и ќе ја подобри ефикасноста, но една крупна работа што не смееме да ја заборавиме е тој деловник да се донесе на крајот на овој мандат и да важи за парламентарниот состав во следниот мандат. Само тогаш ќе можете да спомените во јавноста дека овој деловник, деловникот, се извинувам овој дефинитивно не, ќе има и кредибилитет, ќе има и поддршка, ќе има и објективност, ќе ги има и непартиска пристрасност. Тоа во овој момент не го гледаме.

Третата крупна работа е што донесувањето на овој деловник во овој момент не е резултат на искрената желба на владеачкото мнозинство за подобрување на ефикасноста на овој Законодавен дом, туку има единствено единствен политички мотив. Тој мотив не доаѓа од овој центар, не доаѓа од вас, тој мотив доаѓа од вашата зграда во центарот, од седиштето на ВМРО ДПМНЕ и онаа зграда на “Илинденска”, која што е зграда на Владата на Република Македонија и која што согласно Уставот на Република Македонија ама нема ниту еден процент право да се меша во работата на овој законодавен дом. Зошто го велам тоа?

Бидејќи, пред предлагањето од страна на 14 пратеници на овој документ ние имавме политички изјави од вашиот претседател и премиер на Владата во кои што ни најави, (се закани) дека ВМРО ДПМНЕ и парламентарното мнозинство во многу кус рок ќе достават предлог на деловник со кој што наводите,

таканаречените, пројавени аномалии и слабости во овој законодавен дом ќе бидат разрешени. Токму за тоа јас не можам да го сфатам овој документ ниту како труд на Трајко Вељаноски, на останатите колеги, овој документ е исклучиво желба на партиските врв и владиниот врв кој што е предложен од страна на ВМРО ДПМНЕ.

Се обидувате многу тешко и знам дека ви е тешко да ги браните работи кои што не се бранливи. Да споредувате дека наводно во останатите западноевропски парламенти постоеле вакви или слични деловници. Веднаш на почетокот сакам да кажам Македонија сеуште не е дел од Европската унија. Таа се стреми кон Европска унија. Македонија како што милувате и вие да кажете, демократија во ваква форма, 15 или 16 години. Кој ви дава за право во овој момент нас да не споредувате и да ги применуваме регулативите и механизмите со демократиите кои што функционираат повеќе од 100 години. Тоа е како прво нелогично, тоа е прво, неостварливо, тоа не е практично. Како можете, глеам тоа го зборуваат колегите кои што биле во тие парламенти, да споредувате дека бундестагот кој што брои повеќе од 500 и повеќе пратеници може да ги пренесе нивните искуства во законодавниот дом на Република Македонија што брои 120 пратеника. Како може да се споредуваат искуствата од парламентарното собрание на Советот на Европа кога таму има најмалку 350 пратеници од сите држави во Европа и истите да ги пренесеме во законодавниот дом на Република Македонија од 120 пратеници. Тоа прво технички, математички не е споредливо. Луѓето таму имале потреба од ограничување затоа што технички е невозможно да се дискутира со толкав број на пратеници за сите работи. Тоа кај нас досега можевме да видиме дека не претставува проблем.

Но, ако тоа го ставиме во делот на техниката или математиката, ајде да се вратиме на полето на политиката и да констатираме каде е најкрупната разлика меѓу нашиот парламент во овој момент и сите останати парламенти во Европа, каде што сакаме да одиме. Најкрупната разлика е што кога Владата на Германија, или Владата на Естонија, каде што беше вашиот шеф, кога ги предлага законите во нивните собранија, парламенти, како сакате, тие законски проекти претходно се дискутирани, за тие законски проекти претходно има минимум политичка согласност, за тие законски проекти постои политички дијалог. И на крајот на краиштата кога ќе дојдат во парламентите тие се расправаат, се усогласуваат, се консултираат, се дебатира за нив на ниво на пратенички групи и постои усогласување помеѓу пратеничките групи за да кога законските проекти дојдат на расправа во тие законодавни домови се сведува на искажување на јавните ставови према јавноста за поддршка, за измена, за амандмански, согласно нивната процедура, подобрувања и усовршувања.

Токму за тоа ние во овој момент ама апсолутно немаме ниту е ден процент можност и простор да се споредуваме со политичката ситуација во една Германија, со политичката ситуација во една Франција, со политичката ситуација во една Хрватска, ако сакате, бидејќи изминативе пет месеци на функционирање на Владата, изминатите повеќе од пет месеци функционирање на овој парламент покажа дека главната деформација, главниот проблем, не лежи во текстот во законски предложените норми во деловникот. Постои заради човечкиот фактор. Постои заради конкретно покажаната волја за немање дебата, за немање дискусија, за немање политички дијалог. Тоа е најголемиот проблем. И затоа пак ќе се вратам, политички е мотивиран обидот да се даде ваков документ, да се бара поддршка за ваков деловник, бидејќи желбата е само да се наметне влијанието, математичко и техничко на мнозинството на малцинството.

Често пати во изминативе три дена, а и претходно еден главен термин беше употребен и тој беше желбата за зголемување на ефикасноста на овој законодавен дом. Кога говориме за ефикасноста треба да говориме за факти. Јас нема да се повторувам во оние аргументи кои што ги кажаа моите колеги претходници вчера и завчера.

Овој законодавен дом во истите клупи, на истите места, само со различни луѓе, дел се повторуваме, во изминатите четири години благодарение на процедурите на овој Деловник, но многу повеќе благодарение на политичката определба на мнозинството во тој момент донесе огромен број на закони. За тоа секако дека благодарност треба да се даде и на опозицијата во тоа време и на сите опозициони партии сега на власт. Но, тоа покажува дека немаме морално и етничко право да го оправдуваме донесувањето на ваков деловник со наводното барање за поголема ефикасност. Ќе ви дадам еден математички пример.

Ако Владата потрошеше 10-минутно време, колку што вие предлагате сега да ни се ограничи дискусијата да седне со опозиционите партии и разговара за Законот за полиција немаше да трае дебатата 45 дена. Ако Владата потрошеше уште една дискусија од 10 минути како што вие предлагате да се ограничи повторно да разговара со опозиционите партии нема сеуште да не сме го затвориле законот за пратеници после 13 - 14 дена расправа. Ако Владата одвоеше 10 минути на меѓусебно усогласување на “Илинденска” само 10 минути немаше да ги имате овие проблеми што ги имате, па една владеачка партија има еден став за законот за празници, друга, друг, четврта четврт итн. Тоа говори дека треба да се инвестира во подготовките, во дијалогот, во компромисите однапред, а не да се обидуваме да ги разрешуваме проблемите за недонесување на законите со наметнување на мнозинското над малцинството.

На крај вие сепак ја имате одговорноста затоа пак ќе речамво вашата именка стои парламентарно мнозинство. Не сте парламентарно малцинство. Па, ако сте парламентарно мнозинство зошто не можете да обезбедите 61 пратеник кога се носат клучни закони. Секако тоа прашање ќе треба да го постави и да даде одговор вашиот претпоставен.

Затоа во овој момент како никогаш до сега во Република Македонија после толкав број на започнати и незавршени седници. Тоа покажува дека во овој момент владее целосен хаос и неорганизираност и немање на воопшто никаков фокус на овој законодавен дом за клучните приоритети на Република Македонија. И пак ќе речам, тука најмалку одговорност лежи во Парламентот. Најголема одговорност лежи во Владата на Република Македонија.Од многу конкретни причини, бидејќи не ги побара Собранието на Република Македонија законите од типот на празници, или законите во таква форма да воопшто не можеме да најдеме заеднички јазик и компромис. Владата ги предложи. Дополнително ги слушам аргументите дека една од причините зошто треба да се прифати измена на Деловникот е за да се спречи Владата во последен момент да поднесува амандмани. Па, колеги пратеници вие сте претставници на Владата во овој законодавен дом. Претпоставувам кога се среќавате на партиските тела во сите партии, таму се присутни и претседателите и министрите кои што седат во вашата Влада, па упатете им го тој аргумент таму на лице место. Не го барајте искривениот аргумент како поддршка за донесување на ваков амандман. Јас знам дека и вас ви е многу тешко кога Владата во 5 до 12 ќе поднесува амандмани кои што драстично ја менуваат содржината на законите, ама тоа не треба да се бара, или чарето не треба да се бара во Деловникот, треба да се бара во однесувањето таму, во тие простории. Мене ми е многу јасно дека главната злоупотреба на сите процедури, во сите закони сега и од секогаш е во никој друг освен човекот. Ние во овој момент, со овој Деловник имаме обиди за искривување и нарушување на потенцијалната ефикасност на ова Собрание.

Го дадов примерот, но бидејќи не сум член, се надевам дека за тоа ќе говорат моите колеги пратеници членови во Законодавно-правната комисија, каде функционирањето во една од клучните ако не најклучна комисија во собранискиот систем е далеку од потребнто ниво. Зошто? Не заради формалните процедури, туку заради раководењето на таа комисија од страна на вашиот претседавач, избран од парламентарното мнозинство, секако со поддршка и на опозицијата.

Зарем беше проблем Деловникот што месец дена чекавме да се стави точка на дневен ред, се извинувам, беше ставена, но да дискутираме месец дена можеби и повеќе за Извештајот на Европската комисија за Република Македонија. Деловникот ја спречи расправата за тоа? Не. Намерно беше спречено. И, сега не боли кога ги слушаме пораките од оние кај кои сакаме ние да одиме, сите заеднички.

Зарем проблемот на неефикасноста во тој момент ја баравме во алинеите или во членовите на деловникот? Никој не говореше тогаш за Деловникот, стануваше збор за волја на парламентарното мнозинство, се извинувам на Владата, да ја одложи расправата или да ја направи што е можно подоцна.

Зарем проблем беше во деловникот што од старт не се испочитува една клучна одредба за бранење на демократијата во овој наш политички систем, па го немавме премиерот повеќе од неколку часа во овој законодавен дом кога требаше да ги поставуваме прашањата. Добивме одговор дека истиот имал многу важна работа на друго место. Па, што е поважно, колеги пратеници, од тоа законодавниот дом кој единствено, непосредно заедно со Претседателот на државата го бира народот, не ја бира Владата, граѓаните го бираат Парламентот. Што е поважно од тоа во овој Парламент се поставуваат прашања до Владата и на владините министри? Ништо. Впрочем, се може добро да се направи, има повеќе добри нешта ако добро се организирате. Ако не се организирате добро, ќе имаме злоупотреба и кршење на позицијата на овој законодавен дом. Од старт со овој деловник и тоа од кои, од оние кои треба да ни реферираат и одговараат, бидејќи ние ги бираме и одговорноста ја даваме и ја земаме од Владата никој друг освен вие, бидејќи ја поддржувате Владата, а опозицијата како владеачки партии во некое друго време.

Собранието на Република Македонија не е извршен комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Не е политики орган ниту на СДСМ ниту на ВМРО-НП, ниту на НСДП, ниту на ДУИ-ПДП, ниту на ДПА, ниту на било која политичка партија. Тоа претставува репрезент на волјата на граѓаните. Ама, кога говориме за волјата на граѓаните потсетете се, да не дозволите да ви се удри од глава. Освоивте 309 илјади гласа на парламентарните избори, ја добивте довербата, победивте врз база на таа одлука ја формиравте Владата. Но, не освоивте 1.609.000 гласа, па да имате апсолутно право да правите што сакате во оваа држава. Освоивте 309 илјади гласа, а опозицијата освои 217 илјади. Победата е на ваша страна, ама апсолутна победа нема, како што нема ни апсолутна вистина.

Од таму немојте да се обидувате со флоскулата, како што беше наведено и во образложението на еден од предлагачите дека овој документ, замислете, е волја на граѓаните. Не. Овој документ ќе може да биде волја на граѓаните ако ја има поддршката на сите пратеници во овој дом, бидејќи станува збор за заеднички документ и за него треба многу повеќе да се разговара.

Јас не можам да ја сфатам смелоста во негативна смисла на дел од владеачкото мнозинство, што знаејќи дека нема компромис,

нема дијалог за овој документ, сепак го предлага, пак ќеречам,со поддршка на 14 пратеници.

Навистина не ми е јасно од што се плаши парламентарното мнозинство. Зарем сметате дека со инсталирање на ограничувачки методи за кои нема друг збор освен ограничување, ќе можете подобро да работите? Ќе можете поуспешно да работите и мислите дека граѓаните повеќе ќе ви веруваат заради тоа? Навистина не ми е јасно како може ограничувањето на дебата на пратеник од 10 минути да се објаснува со т.н. временско димензионирање заради т.н. ефикасност. Тоа е невозможно, таа теза воопшто не држи. Таа теза е лажна и таа теза никаде не постои.

Јас немам намера да ве потсетувам, бидејќи тоа беше на одличен начин сторено вчера, за сето она кое беше искажано од некои ваши колеги во изминатиот период тоа е токму прашање на моралот, етиката во политиката на која, замислете, Владата секој ден не потсетува преку соопштенија, а во ниту во еден процент не можевме да најдеме од нејзиното однесување.

Колеги пратеници, за да ја докомплетирате политички мотивиранaта желба да направите деловник по ваша мерка не баре ова е костум кај шнајдер, треба уште во деловникот да стои дека една алинеја или еден член ова Собрание 100% ќе ги поддржува сите предлози на Владата. Фали уште тоа и воопшто ништо да не се менува, ништо да не се дебатира, да не се дискутира и да ја завршиме работата. Тогаш наводно да имате т.н. ефикасно спроведување на програмата .

Не е чарето криење под флоскулата за неефикасноста на Собранието. Главниот проблем во овој момент на кој треба заеднички да работиме лежи во неефикасноста на Владата, во предлагањето на неприоритетни, конфликтни, контрадикторни, непроверени, неусогласени закони и после од нас барате само да ги аминуваме. Таа работа не бива ниту ќе биде.

Јас не знам како воопшто дел од парламентарното мнозинство се однесува како ној кога ќе ја закопа главата во песок. Дали не гледаме во каква ситуација се наоѓа Република Македонија денеска и упорно, наместо да ги корегираме тие потези, наместо да ја оправаме работата, ние дополнително ја влошуваме. Две пратенички групи во Парламентот ги нема, око не ви трепнува. Ништо не се презема за тоа. Дополнително со вакви предлози како да покажувате желба да им нудите на опозиционите партии да го напуштат Парламентот и да ја практикуваат демократијата на некое место кое е несоодветно. Тоа не е наша желба ниту ќе биде наша определба. Но, дефинитивно нема да дозволиме под превезот на т.н. ефикасност да ни се ограничат дискусиите исто како што вие побаравте тоа да не ви се направи еднаш во изминатата четиригодишна историја на Парламентот и нема да дозволиме дали на мала врата, дали низ прозорец да се инсталираат предлози кои вие со пола уста или воопшто не ги соопштувате во јавноста и се обидувате да ги сокриете.

Четири години во изминатиот парламентарен состав лебдеше идејата за воведување на вториот по големина најдоминантен јазик во Република Македонија и на работните тела и комисиите. Тоа беше политички злоупотребувано од страна на опозиционите партии во тој период. Таква промена не се донесе. Таква промена не може да се донесе ако претходно не се разговара и дискутира, таква промена не може да се донесе само со една реченица во овој деловник исто како што не бива желбата да спроведувате Закон за полиција кој ја нема поддршката на сите. На крај проблемите ќе останат, на крај последиците ќе треба да се антиципираат, но треба да се работи, а не да се продолжи со каубојско, насилничко и наметливо решение. Зошто? Бидејќи наводно некој бил мнозинство. Се извинувам, таа работа никаде ја нема во западните демократии. Очекувам можеби, бидејќи му пречеше на парламентарното мнозинсво брза дебата заради нереализирање на ветувањата во делот на законот за стечајците можеби да се вметне еден амандман дека ќе се забранат и протестите надвор од Парламентот, па да ја докомплетираме целата работа. Тогаш овој парламентарен дом да стане политички орган од страна на партиите на владеачкото мнозинство.

Токму затоа, јас се обидов да ја консултирам вашата ценета програма во 100 чекори. Не ми е во портокалова боја, бидејќи не сметам дека таа ја одразува во моментот поддршката или исполнувањето на неа од ваша страна. Таа е од прилика вака црно-бела или бледа, бидејќи спроведувањето на вашата програма е бледо. Во оној дел од седум реда каде се говори помалку или повеќе за законодавниот дом не прочитав никаде дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за менување или донесување на нов деловник и не прочитав, ако веќе говориме за тоа дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за донесување на нов деловник во кој ќе се овозможи инсталирање на албанскиот јазик на работните тела и комисиите во кои на пратениците ќе им биде ограничено правото на дискусија.

Е, драги колеги, ако упорно тврдите дека сте ја добиле довербата од граѓаните за сите ваши потези, јас не верувам не затоа што граѓаните не ви ја дадоа довербата на 5 јули од 309 илјади гласа, туку затоа што вие ја злоупотребувате, тогаш сте требале да го ставите тоа во вашата програма од 100 чекори, па да видевме можеби дали во овој дел ќе ја имате поддршката од граѓаните. Вака, вие се обидувате да спроведувате потези кои не сте ги спомeнале јавно и за кои не сте ја побарале вашата доверба за да сега во овој момент го практикувате. Тоа е исто една крупна деформација и политички недостаток на овој Предлог-документ.

На крајот, имајќи предвид дека сите се залагаме за ефикасност, јас можам, за жал, да констатирам дека во изминатите пет месеци еден

орган можеби два од политичкиот систем и демократски систем на Република Македонија е ефикасен. Да, Владата и парламентарното мнозинство е ефикасно во обидот да се замолчи опозицијата, а најмногу ефикасно во поништувањето на политичкиот дијалог.

На крај, најмногу ефикасно во предлагање на неприоеритетни, несуштински, конфликтни закони кои дефинитивно чекор по чекор, но полека не оддалечуваат од она место кое, не заради залагањата само на претходната власт, туку на сите нас како политички субјекти и на пратениците од минатиот состав и на оние од претходниот состав не доведе, а тоа е пред вратите на Европската унија и НАТО алијансата. За да бидете и еден процент принципиелни, не повеќе, не зборуваме за содржината, бидејќи не може на овој начин на пленарна седница да говориме за содржината, јас се надевам дека ќе имате доблест да ги прифатите нашите сугестии како политичка партија во оној момент кога за нив по прв пат ќе разговараме на еден посериозен начин.

Второ, дека принципиелноста ќе ја покажете на тој начин што заеднички договорениот деловник за работа во овој законодавен дом ќе го донесеме пред парламентарните избори, пред следните парламентарни избори и истиот ќе важи за парламентарниот состав во следниот мандат. Само тогаш ќе можеме да речеме, да, сите сме искрени, да, сите сме објективни и сите сакаме да ги констатираме и подобриме работите за кои вие како власт, ние како опосиција сме ја добиле довербата од граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Чинам дека за реплика се јавија, потврдувајте ми, Ристана Лалчевска, Трајко Вељановски, Владанка Авировиќ, Илија Димовски, Ружа Ѓорѓеска, Неждет Мустафа, Агим Рамадани, Фљора Кадриу, тогаш ќе одиме по тој редослед.

Прва за реплика е госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете вашите три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благдорам претседателе.

Еве, бидејќи вчера не бев присутна на почетокот на вчерашната сесија и немав можност низ реплики да дебатирам со мојот колега Ивановски на моето излагање, еве сега јас ќе му реплицирам на неговиот говор, па ќе си овозможиме простор за дебата.

Прво, морам да исправам една грешка која ја кажа уште на стартот од својот говор дека предлогот го потпишале само и тоа нагласи само 14 пратеници. Јас веднаш ќе ви го прочитам членот 187 од постојниот Деловник-Предлог за донесување на деловник на Собранието може да поднесе секој пратеник и надлежно работно тело. Значи, тука нема ни деловничка ни некаква обврска да бидат толку или онолку пратеници, значи само еден пратеник ако цени дека има потреба, може да поднесе Предлог за деловник, а за тоа ќе си дебатира Собранието.

Мојот ценет колега, со оглед на искуството што го има, очекував да влезе во една дебата и да даде предлози во однос на Предлог-текстот кој е даден и со тоа да ги подобриме решенијата кои се дадени. Меѓутоа, мојот ценет колега најмногу зборуваше за Владата, за работата на Владата, за избори, за програми, меѓутоа, морам да му напоменам на колегата дека Деловникот е работа на Собранието. Деловникот е акт на Собранието. Владата нема никаква врска со Деловникот. Јас и вие колега и останатите колеги во Собранието ќе ги изградиме правилата за работа на ова Собрание. Ако треба ќе ја ограничиме Владата, ќе и кажеме до каде е нејзиното право како предлагач, а ќе си ги определиме нашите правила за работа за да го подобриме ефектот на работа на Собранието во секоја смисла на зборот и по однос на перцепцијата на граѓаните за работата на Собранието и по однос на ефектите кои ќе ги даде како резултат мерен во квантум на донесени решенија и квалитетни решенија.

Од вас не слушнав ниту еден збор за потребата дали нам ни треба нов деловник, мислев дека тоа ќе го слушнам, а верувам дека сега во времето што ви претстои за контра реплика ќе кажете дали на ова Собрание му е потребен нов деловник и дали постојниот Деловник има недоследности и недоречености кои ние заедно со вас низ дебата, низ разговор кој е одамна започнат ќе расчистиме многу прашања и ќе дојдеме до соодветн и решенија.

Десетте минути се само еден предлог, јас имам друг, вие имате друг, ќе видиме кој е најсоодветен да се прифати. Така ќе ги изградиме правилата, а сега би сакала да слушнам за потребата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика и вашата минута господине Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Госпоѓо Лалчевска вие ми ги цитирате формалните одредби од постоечкиот Деловник, се надевам дека ги поддржувате кога ги цитирате.

Јас не се сомневам дека само еден пратеник може да поднесе Предлог на деловник но, знаете каде е разликата? Што не може деловник за сите 120 пратеници за работа на сите парламентарни групи во него да биде желба, предлог, визија, мислење, како сакате, на еден или на 14, како што ги имаме во моментот.

Да не заборавиме дека обиди за донесување на деловник постоеја од првиот помеѓу еднаквите парламентарец во изминатиот состав, но тој никогаш не се донесе, од проста причина што за него не се ни разговараше. Така што точно е дека говорев најмногу за Владата, точно е дека говорев најмногу за неефикасностите и политичките мотивации кои ме натераа, т.е. вас ве натераа денеска да расправаме не за некои битни работи, но за Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Трајко Вељановски вашата реплика од три минути, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Во овие три дена гледаме нервоза кај пратениците од опозицијата СДСМ поготово, не знам зошто, по еден ваков документ.Најголема нервоза видовме сега при дискусијата на пратеникот Ивановски, потпретседателот на СДСМ. Не знам зошто толку нервоза. Ние во изборната кампања кажувавме дека кога ќе ја добиеме власта ќе донесеме деловник по терк на Бундестагот.

Вие не сте ги слушале нашите изборни кампањи, но граѓаните слушаа и граѓаните го дадоа гласот за оваа коалиција и врз основа на тоа ги дадоа гласовите на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Има разлика меѓу нас. Ние не ветувавме пред изборите дека по изборите тоа ќе го исполниме.

Во однос на споредбата, вие ги споредивте Франција, Германија и други. Споредивте дека во Германија имало 500 пратеници, можеби и повеќе. Затоа не може да се споредува со Собранието на Република Македонија, каде што се 120 пратеници. Колку има во Словенија? Зошто не ја кажавте Словенија која што исто произлегува од бившите југословенски простори и исти сме по број на жители и по бројот на пратениците. Вие селективно кажувате. Словенија исто така има ограничување во деловникот при говорот на пратениците. Спомнувате зошто има 14 пратеника да се прикаже само силата во бројот на потписите. Ние одиме да има само еден претставник од политичките партии. Има претставник кој што е потпишан и од ВМРО Народна партија и од НСДП и од ВМРО-ДПМНР, СПМ, ЛП, од партиите Сојузот на Ромите, од опозиционите ги има исто така од Неждет Мустафа, Ромска партија, Српска партија, Турските партии. Не беше поентата да се прикаже голема бројка. Во однос на тоа чиј е трудот, не сакам да препишувам дека јас и некои други го направивме овој работен текст. Ние кажавме дека овој е трудот претходно во 2006 година што почнал од бившиот претседател, под негов патронат, експерти од Европската унија се ангажирани со експерти од Националниот демократски институт, со експерти од Република Словенија и дошле до овој работен текст.

Мислам дека треба еднаш да кажете дали има потреба. Овде се расправа дали има потреба од носење на нов деловник. Вие тоа го избегнавте. Ова е прва фаза, а во втората фаза ќе зборуваме за решенијата кои што тогаш ќе бидат предложени.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господин Игор Ивановски. Повелете.

**Игор Ивановски:** Господине Вељаноски зошто ми рековте дека сум нервозен. Јас сум многу релаксиран. Кога ја зборувате вистината и кога зборувате со аргументи, треба да сте многу релаксирани. Кога се обидувате да ги извитоперувате фактите, нервозата е на ваша страна.

Господине Трајко Вељаноски само за една работа може да сум нервозен и да сум разочаран и да ме тера да работам повеќе и поинаку од вас, дека државата во моментот ни стои во место. За тоа сум многу нервозен и се обидувам да ги поправам работите и да се обидам да апелирам до вас, денеска да разговараме за нешто конкретно и прогресивно, а не за деловник.

И на крајот, знаете и јас сакам да ја споредувам Република Македонија со Германија. Ама за тоа ќе ни треба уште време. Тоа е исто како да го споредувам ВМРО-ДПМНЕ со ЦДО. Тоа е научна фантастика. Затоа, пред да предложите деловник од овој тип во Собранието, видете ги малку начините на функционирање на вашите партнери од странство за да видите како тие се однесуваaат.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете со вашите три минути.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Во излагањето на мојот почитуван колега, не можев ништо друго да заклучам, туку дека се работи за едно паушално оценување на деловникот, бидејќи сум убедена дека доколку го прочиташе овој Предлог текст, ќе видеше дека токму при предлагање на амандманите на Владата, ние правиме значајни измени. И ред беше тоа да го спомне.

Значи, колега, пред нешто да дискутирате, прочитајте го Предлогот на деловникот, бидејќи со паушални оценки најмногу 90% од излагањето што и како Владата прави, ќе се согласите дека немате ни трунка само критика. Еден збор само критика зошто е ограничување на времетраењето на работата на Парламентот. Па на граѓаните им се смачи со денови, 45 дена да не можеме да донесеме еден Закон за полиција, кој беше, ќе се потсетите во претходниот период предлог на претходната Влада. Ние не можеме еден Закон за полиција 45 дена да донесеме. И сите останати дискусии неплодни и неефикасни. Не е демократија ние да зборуваме со денови овде и да го окупираме Собранието. Демократија е со рационално и ефикасно работење да придонесеме. На граѓаните, верувајте дека им сметаат толку долги дискусии кои што се водат. Редно е ако мислите дека 10 минути дискусија е малку, предложете 15 минути. Дајте да се договориме. Меѓутоа, со паушални забелешки, онака како што ги наведувате, верувајте не стекнав воопшто претстава дека сте го прочитале деловникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Игор Ивановски контра реплика една минута.

**Игор Ивановски:** Верувам колешке дека вие добро сте го причитале деловникот и сега се обидувате да се пазарите со нас со минути. Во секунди ако сакате да разговараме. Јас не влегувам во пазари за тоа колку минути ќе може пратеникот да разговара. Или ќе може да разговара, или ќе му ја ограничите дискусијата.

Нема трета варијанта. Нема меѓусебен пазар. Јас знам дека ви е тешко да браните вакви концепти, ама ако сакате навистина, тогаш да бидете сите ефикасни. Ние да не дискутираме 45 дена за полицијата. Побарајте измена на Уставот и да не се носат законите во Собранието. Па Владата тоа што ќе го донесе прогласете го со декрет. Нашиот демократски систем е поставен така Собранието да има апсолутно право да разговара за законите. Прашањето што треба да го поставите зошто 45 дека се расправаше за тој закон, не го поставувајте до мене и до мојата партија и до овој дом. Поставете го до онаа зграда на луѓето на Илинденска. Таму ќе го добиете одговорот на вашето прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Илија Димовски, вашата реплика од три минути. Повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе. Еве и во конкретниот случај контра репликата на колегата Игор Ивановски беше ограничена на една минута па тоа воопшто не му сметаше да се јави за збор и да се обиде да даде контра аргументи на колешката Авировиќ. Значи, тоа како систем функционирало во Собранието во насока да се воведе ред. Инаку ќе нема начин како да се организира ова. Она што мене ми остави впечаток е начинот на кој што се води оваа дебата и нервозата која се презентира од страна на пратениците на СДСМ. Мене ова ме потсетува на еден стил кој што го практикуваа неколку јуришници на СДСМ во претходниот парламентарен состав. Искрено да кажам начинот на кој што сега повторно ја водат дебатата во Собранието, мене ми причинува задоволство, поради тоа што не научија зошто ги изгубија претходните избори. Како што тргнале работите веројатно и неколку следни избори ќе бидат изгубени.

Она што е проблематично во дебатата е компарацијата која што се обиде господинот Игор Ивановски да ја направи со Германија и со Франција. Тоа е во ред, меѓутоа, тие се земји кон кои ние се обидуваме да се стремиме и да се дојде. Меѓутоа, за да бидеме комплетни и целосни треба да кажеме дека ваков начин на работа во Собранието има во Чешка, во Словачка, во Словенија, во Хрватска, во Бугарија, земји кои што на некој начин во тие евро интеграции и во НАТО структурите отишле многу побрзо од нас. И тоа не им сметало, ниту во демократизацијата, тоа не им сметало ниту во општествените позитивни процеси. Значи, треба да земеме пример, не сме ние најпаметни веројатно, на светот, освен ако СДСМ за себе не го смета тоа, да видиме како функционирале овие други земји, кои беа многу поназад, додека СДСМ владееше со Македонија и тие отидоа многу понапред.

Во однос на волјата на граѓаните, јас би сакал да го потсетам госодинот Игор Ивановски дека и во претходниот парламентарен состав и во овој парламентарен состав и во два парламентарни состава претходно, Собранието има најнизок рејтинг од сите институции. Зошто е тоа така, освен од нефункционалното, не практичното функционирање на Собранието. Во овој случај господинот Игор Ивановски се обиде да ја префрли одговорноста во Владата. Меѓутоа, сакам да го потсетам дека Владата има огромна поддршка од граѓаните, за разлика од Собранието.

Значи, господине Игор Ивановски кај нас е проблемот овде. Зборувам за сите 120 пратеници. Донесувањето на нов деловник е начин како да ги исполниме очекувањата на граѓаните, а тие не се долги демагошки говори, туку тоа е практична работа, донесување закони и резултати конечно во оваа наша држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Игор Ивановски вашите 60 секунди, повелете.

**Игор Ивановски:** Колега јас можам и за 5 секунди да го кажам тоа што мислам. Гледајте вие за колку време ќе го кажете.

Она што сакам да го кажам е дека како лесно говорите дека ова Собрание имало најнизок рејтинг досега. Па еден ваш истакнат колега е претседател на Собранието. Вие сте мнозинство. Одговорноста е најголема кај вас. Знаете ли кога ќе има повисок рејтинг? Кога ќе ги покажете камерите и народот ќе види дека сте тука и дебатирате за нешто конкретно, а не се обидувате нас да не замолчувате. Кога наместо да одите во странство и да терате бизниси надвор од оваа зграда, ќе седите тука и ќе се обидувате да ги браните проектите и со нас да дебатирате. А не да се обидувате да не ги браните, да се обидувате да не зборувате и чарето ќе го барате во тоа што и нам нема да ни дозволите да зборуваме. Таа работа не ја бива и нема да ви дозволиме.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Ружа Ѓорѓеска, вашата реплика, повелете.

**Ѓорѓевска Ружа:** Благодарам претседателе.

Јас би сакала само да го потсетам почитуваниот колега, кој што изнесе за ефикасноста на деловникот по кој што работиме, токму благодарение на овој деловник, да го потсетам на претходниот мандат, колку закони останале недонесени. Останаа 12 незавршени со 29 точки, 20 закони, една одлука, еден план, три автентични толкувања, 2 извештаја, една информација и една интерпелација. Толку бил ефикасен деловникот, за да и во нивниот мандат ги докрајчат одредени работи што треба.

Второ, што би сакала да го потсетам почитуваниот колега, Законот за јавните собири, токму тие го донесоа, и тие инсистираа за ограничување и тогаш ние жестоко се боревме да се сочува правото за демократско протестирање на граѓаните, ако се сеќаваат, само колку за потсетување. И за многу работи, почитуван колега, вие сакавте да чека и чекаше Македонија токму заради вас и заради тоа дојдовме до овој

степен на кој што сме денеска. Јас навистина се разочарав од почитуваниот колега, бидејќи добив впечаток дека го слушам Бранко Црвенковски што вие го прочитавте, меѓутоа, се надевам нема да добиете опомена од господинот Бранко Црвенковски, затоа што употребивте и некои свои видувања за одредени работи. Има и многу работи да се кажат, меѓутоа, еве ќе препуштам таа минута мене што ми остана и вие во име на демократијата да се доискажете.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јани Макрадули, повелете процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе морам да реагирам во име на пратеничката група како координатор, репликата согласно деловникот да биде она што навистина, треба да биде, да појасни, да дополни некој став, или да изрази разлика во мислењето. Да не етикетираме сега, да не спомнуваме имиња, да не си играме со институциите во државата и да го држиме дигнитетот на ова Собрание. Затоа во име на пратеничката група протестирам за ваквото излагање, а очекувам вие во иднина да ги спречувате ваквите дискусии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Игор Ивановски имате контра реплика.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе, сепак, овој е законодавен дом, не е некоја специјализирана установа за помагање од друг тип на проблеми, така да колешката заедно со еден друг колега, ќе можам само да ја упатам, ако има некој друг тип на проблеми да ги побара на друго место, а не во овој дом.

Сакам само да кажам следново.

**Љубиша Георгиевски:** Да не ескалираме ве молам.

**Игор Ивановски:** Јас ништо конкретно не реков. За шест месеци на работење на овој законодавен дом имаме 8 незавршени седници. Пресметајте или соберете ги законите внатре, да видите колку точки за 6 месеци не се завршени. Па тогаш ќе констатираме кој законодавен дом имал помала или поголема ефикасност. Само така, како што велите во програмата, со мерливи инструменти ќе докажеме на која страна лежи ефикасноста и успешноста.

**Љубиша Георгиевски:** Лилјана Поповска, повелете процедурално.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека треба сите да го задржиме достоинството на Парламентот и да внимаваме како се однесуваме меѓу себе и каок се обраќаме меѓу себе. Може да се разликуваме во ставови, меѓутоа, на никој начин не смееме да се навредуваме. Јас протестирам за изреченото од страна на колегата Игор Ивановски. Навистина, не очекував колега такво нешто во обраќањето кон нашата колешка Ружа Ѓорѓевска. Како можеше да се обратите со таква грда алузија, посочувајќи на нејзината полова припадност како жена. Навистина, не е во ред и такво нешто не треба да ни се случува. Јас морам да реагирам за ова и јас ве молам претседателе и вие да реагирате во друг случај. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ве молам сите да не се доведуваме во ситуација на нервоза, кога говориме за деловник. Дајте трезвено да ги изнесуваме секој своите аргументи и да покажеме дека сме на определена висина на политичка култура. Ве молам.

**Игор Ивановски:** Сакам процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Игор Ивановски:** Не на претходната колешка, туку на госпоѓата Лилјана Поповска, значи, ниту направив алузија.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа не е процедурално. Одиме понатаму.

Господине Нежддет Мустафа имате три минути за својата реплика. Повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Внимателно го следев настапот на пожитуваниот колега Игор Ивановски и внимателно ја следам ситуацијата деновиве што се случува во однос на расправата за деловникот.

Сметам дека поради мојата миноритетна позиција во ова Собрание, а сметајќи дека аргументацијата на почитуваниот Ивановски е доста оправдана од икс причини за кои што можеме да говориме, објективно би било од моја страна да го прифатам неговиот предлог, овој Предлог деловник да се разгледа при крајот на мандатот на овој состав, без ниту една страна и позиција да се сфати дека нешто им е подметнато, или некој некого надмудрува или некој некому наметнува.

Од тие причини, почитувани колеги, навистина, поаѓам од таа позиција да ја повлечам мојата согласност се во интерес вие поголемите политички партии да имате консензус во однос на овој многу чувствителен предлог. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам.

Мило ми е да му реплицирам на господинот Игор Ивановски. Нека ги стави слушалките и нека ме слуша, бидејќи имам што да му кажам. Мојата реплика од три минути ќе ја поделам на три дела. Во првиот дел ќе говорам како спортист, во вториот дел како лекар, а во третиот дел како политичар. Тој по се изгледа дека од својата партија е определен како напаѓач, како центарфор и добро се гледа кој му ги дава топките. Сигурно тие му доаѓаат од север, но жалам, што не може да постигне гол. Се додека не може да постигне гол, сигурно има опасност да го смени тренерот од игра.

Второ, како лекар гледам дека е многу нервозен. Тоа е факт и се гледа. Но гледам и нешто друго. Гледам дека го боли нешто. Неговата болка по се изгледа е албанскиот јазик во овој Парламент под еден. Под два, неговата болка е дека ДУИ не

е тука присутен, која коалиција по се изгледа, нема да успее, бидејќи тој дел кој денес не е во овој Парламент, за цело време, за 4 години го лажеше своето гласачко тело, велејќи дека еве го подготвуваме деловникот во Парламентот на Република Македонија, каде ќе се говори и албански и албанскиот јазик ќе се користи рамноправно. Денес вие господа од СДСМ и вчера и завчера ни кажувате дека за овој деловник ниту сте разговарале во минатото, ниту сте имале некаква постапка, или процедура. Ве молам, не се загрижувајте многу за албанскиот јазик.

Тоа е јазик како што е македонскиот, како што е бугарскиот, како и српскиот за кои јазици мислам дека никој овде на Балканот не можеме да се спориме. Ние постоиме овде, ние сме овде, ние имаме држави и голем процент дел од народот во оваа земја, имаме институции, имаме училишта. Имаме инстуции каде што албанскиот јазик е на повисоки нивоа и ќе го направиме тоа. Немојте да се чудите господине Игор дека ВМРО-ДПМНЕ има 309.000 гласачи и јас сум убеден дека со оваа политика и ВМРО-ДПМНЕ и ДПА по 4 години ќе имаме 500.000 или 300.000 гласа. Значи, за ова немојте да се грижите многу, бидејќи немаме ништо против вас, туку имаме правилна политика. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вашата контра реплика господине Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** За тоа кој колку ќе освои гласови на следните избори ќе кажат само граѓаните, а ова во моментот ви останува само како пуста желба. Мислам дека е непримерно да се обидуваат да се даваат контра аргументи со тоа што ќе се каже дека е некој нервозен. Мислам ако тоа ви е главната теза, јас уште еднаш ќе кажам дека не сум нервозен и ве молам дивестирајте со мене со аргументи и факти. При тоа, да ве потсетам дека СДСМ е доследен почитувач и поддржувач на Рамковниот договор како нејзин потписник и поддржувач практично во овој законодавен дом и во Владата кога ја раководеше на сите одредби од Рамковниот договор и уставните измени кои произлегоа од него. Одтаму, она што чекав што вие ќе ми кажете е како воведувањето на албанскиот јазик во работните тела ќе ја подобри ефикасноста и ќе ја демократизира и ќе ги направи поефикасни институциите или работните тела на овој законодавен дом, тоа што никој од ВМРО-ДПМНЕ не го кажа досега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Кадриу Флора, повелете вашата реплика.

**Флора Кадриу:** Господине Ивановски, ова не е подметнато решение преку мала врата или како што вие поточно велите преку прозорец, затоа што доколку беше подметнато решение, вие ќе моравте тоа да го реализирате. Ќе беше завршен чин кој што ќе требаше да се имплементира. Меѓутоа, со самиот факт што вие дебатирате околу овој предлог, значи дека тоа не е подметнато решение. Потоа, да не се споредуваме со другите европски држави, велите демократски држави, затоа што тие се пред 100 години демократски држави и веднаш сте контрадикторни со себе кога се обраќате кон господинот Трајко Вељановски во вашата контра реплика и велите одете и видете, прашајте ги политичките партии и други кои што се во демократските држави.

Господине Ивановски, нормално е дека имаме разлики сите меѓу себе, имаме свои специфики, меѓутоа знаете каде е политичката разлика? Во тоа што вие имате различно идеолошко мислење и ваши различни предрасуди, затоа што сеуште мислите дека сме во социјализмот и дека тоа население кое што е доминантно треба да врши маргинализација и елиминизација на населението кое што е во помал број во Македонија. Сепак, господине Ивановски 2007 година сме ние, веќе тежнееме да бидеме демократска држава и ние сме едно мултиетничко и мултикултурно општество. И, доколку не се почитуваме и не ги респектираме правата меѓу себе не може да велиме дека сме демократска држава. Не може секогаш албанскиот народ да го почитува само македонскиот. И во љубовта и во омразата потребни се двајца. И почитувањето треба да биде од другата страна, тоа треба да биде реципрочно и взаемно.

Сега, што се однесува до деловникот кој што треба да се донесе според вас на крајот на овој мандат, сега ќе зборувам на мојот убав албански јазик и ќе ви кажам зошто мислите дека донесувањето на деловникот на крајот на овој мандат ќе биде транспарентен, но демократски и конструктивен акт и ќе ве молам да ми одговорите. Доколку во идниот мандат биде правило донесувањето на овој деловник, зошто во овој мандат не е во ред да се донесе овој деловник. Дали мислите дека ќе добиете на следните избори , дека ќе победите, но со вакви изјави не верувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Вашата контра реплика господине Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Ќе се обидам во оваа една минута не толку да реплицирам на колешката, но да спомнам две работи.

Првата е дека СДСМ ги поддржува сите принципи оние објективни и заеднички усогласени, подобрување и усовршување на деловникот на Република Македонија. При тоа, треба да биде направена соодветна процедура, да биде направена со уважување на сите ставови на сите парламентарни групи и заради објективноста и принципиелноста тоа да биде направено на крајот на мандатот и да важи за следниот парламентарен состав. Се надевам дека, господине Вељановски, ви го дадов одговорот на вашето прашање и на останатите.

На крај, претседателе ќе ве молам, секогаш кога некој ќе се обиде под призвукот процедурално да се обидува да ги злоупотребува, искривува и

поништува моите реченици и да ги става во конотација што не сум ги кажал, да го одземете зборот. Бидејќи, она што го кажав за колешката беше одговор на нејзините политички аргументи, ниту беше моја лична навреда, ниту пак има обид од моја страна за тоа. Затоа, ќе барам од вас, ова прв и последен пат кога госпоѓата Лилјана Поповска ќе се обиде да ги извитоперува речениците, да ја прекинете во тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овој турнус на реплики и контра реплики, морам да кажам сега земам збор процедурално две минути и морам да кажам дека длабоко ме загрижи. И, да не беше последната изјава на господинот Игор Ивановски, последната политичка изјава , ќе бев тотално загрижен. Ова е веќе еден став кој навестува конвергенција. Се загрижив длабоко, затоа што работите и дискусијата околу деловникот почна да станува дивергентна, опасно дивергентна. Дивергентните дискусии не водат никаде. Ако сакаме да донесеме деловник, ова не е политичко прашање, самата политизација на деловникот е веќе сомнителна, но тоа е ваше право. Ако сакаме да бидеме конвергентни јас апелирам на мнозинството да излезе со извесен намек на подготвеност на компромис и да покаже, на пример, дека не е баш толку важно за една минута да се пријаваат сите дискутанти. Дека не е баш толку важно и нема да пропадне светот ако не биде ограничувањето 10 минути, ако биде 30 минути. Ајде да почнеме да дискутираме конвергентно за да дојдеме до некое решение. Од друга страна апелирам на опозицијата дека на пример, да излезат со предлози дека е добро и велат опзоцијата после три ипол години, да речеме дека тоа е добро, но дајте тие три ипол години да ги правиме во фази. На пример, да се предложи од страна на опозицијата и би било интересно, да речеме, оваа точка на неусогласување, со која ние не се согласуваме да ја провериме 6 месеци и да видиме како ќе биде. Богато е искуството на преговорите и разговорите во групите кои беа формирани за овој деловник и не е точно дека тие групи не говореа и богато и не беа застапени од сите итн. Богати се упатствата на Волхан Це, кои завршуваат со тоа дека е потребна промена на деловникот. Богати се соработките на Крис Хеншел кој мене лично ми рече, а јас ако треба ќе го доведам во понеделник на парламентарна расправа како гостин. Ако вие како мнозинство се согласите во две фази да се гледа овој предлог, бидете сигурни дека опозицијата тоа ќе го свати добро и ако ништо друго начелно ќе гласа, а после во втората фаза може да се развиваат овие дискусии.

Ве молам, дајте да направиме еден таков напор од тој тип, затоа што ова не е од еминентно политички аспект. Сите дивергентни дискусии во Парламентот нужно завршуваат со мајоризација, затоа што нема како. Вие сте сите постари парламентарци од мене. Ако е дискусијата дивергентна, таа се поларизира и завршува со мајоризација. Дајте да ја избегнеме таа мајоризација, ако е воопшто можно кога се работи за деловникот. Јас се извинувам што вака процедурално упаќам, но ја гледам како оди дискусијата, не бранам ниедна страна, гледам да апелирам на сите вас да поминеме како што треба.

Сега, давам збор на господин Ацо Киров.

Но, претходно процедурално има три минути реплика Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас би сакала да верувам во вашите искрени намери, претседателе, меѓутоа во тој случај немаше толку набрзина да биде предложен ваков текст на деловник, но сеуште ќе беше обврска на работната група да работи на предлог кој што ќе биде усогласен со сите парламентарни групи и кој што ќе беше заеднички предлог и прифатен со консензус да се разгледува во прва фаза пред пратениците во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, очигледно диктатот од Владата по секоја цена во февруари Собранието да работи со нов деловник и на тој начин да се ограничат дискусиите на пратениците, беше многу по јак, отколку вашата аргументација што ја кажавте сега. А, јас ќе го прифатев вашето укажување доколку одевме по теркот што го договоривме на координацијата со координаторите на парламентарните групи. Заеднички да се усогласи предлог од сите и потоа да се пушти во процедура.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јас не изнесов аргументација, туку јас изнесов еден апел, апелирав на парламентарното мнозинството и малцинство, а одвреме навреме и да апелирам ако гледам дека работите не одат во добра насока.

Господине Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Почитувани колеги пратеници јас би сакал да дадам свој став и имам свои видувања, толкувања и одредени сугестии околу овој нов деловник кој е предложен од група пратеници од парламентарното мнозинство. Се надевам дека сега во понатамошната работа на Собранието ќе работиме малку во порелаксирана атмосфера после излагањето на пратеникот Игор Ивановски и изразената нервоза од парламентарното мнозинство. Јас бев и вчера овде во Собранието, ги слушав внимателно дискусиите на сите пратеници, а исто така ги имам прочитано и извештаите од комисиите и заклучив едно дека сите пратнеици како поединци и сите парламентарни групи се за еден нов деловник. Да, сите се за еден деловник, нов деловник за ова Собрание, но сепак се појавуваат разлики во медиопарламентарното мнозинство и медиоопозицијата т.е. СДСМ и во моментов ЛДП која е овде во Собранието. Јас не знам колку колегите пратеници од парламентарното мнозинство се искрени во своите добронамерни и конструктивни дискусии кои ги водеа вчера дека ова е прва фаза за овој предлог деловник во Собранието, дека треба да ги искажеме своите

ставови како ние опозицијата, така и тие и така ќе дојде можеби до некое усогласување на ставовите и ќе донесеме еден деловник кој ќе биде прифатлив како за нив како парламентарно мнозинство, така и за нас како опозиција. Јас би сакал да верувам, но колку ќе се оствари тоа не знам. Не знам од причини затоа што јас најмалку, исто како и колегата Игор Ивановски што рече, не верувам дека ова е еден предлог деловник од група пратеници, туку тоа секако и 100% гарантирам дека тоа е деловник од Владата на Република Македонија, која сака да го оствари преку ова парламентарно мнозинство. Зошто го велам тоа? Тоа го велам затоа што во вчерашните дискусии на одреден пратеници на ВМРО-ДПМНЕ беше кажано и потврдено дека овој Парламент од носење на нов деловник од причини што парламентарното мнозинство е тенко. Значи, бидејќи парламентарното мнозинство не може секогаш да има овде во оваа сала 61 пратеник, значи тоа е тенко и не може да ги донесува т.е.спроведува предлог законите кои ги доставува Владата до ова Собрание. Излагањето или искажувањето на еден колега кој внимателно го слушав и мислам дека имаше добра намера за донесување на овој деловник за соработка со опозицијата и другиот аргумент му беше дека ние како СДСМ или парламентарно мнозинство во претходниот состав не сме го промениле деловникот, односно не сме донеле нов деловник, затоа што сме имале стабилно мнозинство. Значи, тоа ме наведува да верувам дека овој деловник е протуркан од Владата или од вашиот премиер и вашиот лидер Никола Груевски.

Затоа, јас во оваа општа дискусија се надева и верувам дека неколку пратеници како од ВМРО-ДПМНЕ и од помалите парламентарни групи кои ќе партиципираат во ова парламентарно мнозинство, ќе бидат искрени и ќе размислат дали на крајот треба да се отвори една општа дебата по која ќе се усогласат ставовите меѓу позицијата и опозицијата и ќе се донесе еден деловник, кој понатаму во наредните години ќе биде продуктивен и прифатен од било која опозиција и било која позиција во тој момент или во некој нареден парламентарен состав.

Ако се донесе таков каков што е овој деловник предложен, се надевам дека тоа ќе биде една црна дамка на одредена група пратеници кои ќе го притиснат копчето за донесување на овој деловник, затоа што ќе бидат осудени исто од нивните колеги, на пример, од ВМРО-ДПМНЕ, а овде влегуваат и други помали парламентарни групи, ќе бидат осудувани еден ден кога тие ќе бидат во позиција и кога тие ќе сакаат да изразат некој свој став, некој свој закон да го образложат малку пошироко, а за тоа ќе немаат време, тогаш ќе ги осудуваат овие колеги сега од овој парламентарен состав.

Сега би поминал, ете имаше критика од одреднеи коелги дека колегата Игор Ивановски или дел од нас како пратеници не сме се држале за деловникот, туку повеќе политички сме зборувале, јас имам забелешки по неколку членови, нема да зборувам за сите, бидејќи во вчерашната дебата дел од пратениците, особоено од моите колеги од СДСМ имаа многу долги дискусии во кои беа опфатени повеќе членови. Беше образложено што е добро, што е лошо, како треба да биде итн, па затоа јас ќе се задржам на неколку членови, бидејќи не сум правник и не сакам по сите членови да говорам, само на неколку кои навистина ме иритираат и сакам да зборувам за нив, затоа што мислам дека не се така добри како што се предложени во овој предлог деловник на ова Собрание.

Најпрво, сакав да кажам нешто околу член 17. Тоа е оној фамозен член кој постои и во претходниот Деловник и во претходните мандати, но јас на стартот ќе кажам сум за доизградување на овој член и да се допрецизира, затоа што овој член не е така чист, не е допрецизиран, бидејќи на самиот старт на ова Собрание беше искористен, изманипулиран одредениот гласач и пратеник кој го искористија токму овој член. Имено, за што се работи? Сите знаеме дека овде два дена се дискутираше за Комитетот за односи со заедниците кога се формираше и токму најголемите дебати, можеби сега дел од некои парламентарни групи кои не се присутни во ова Собрание, се наоѓаат во ситуација да даваат забелешки на овој член на овој Комитет, преку кој член се успеа кандидат за пратеник кога се кандидирала се пишала Македонка, а потоа по потребите, по верификациите на стажот беше се прогласила односно се пишала Влаинка.

Така овој Комитет со овој член има еден член плус повеќе, а сега со кревање рака ги добиваат и усвојуваат одлуките. Тоа не беше исправно. Според мене, овој член треба да се допрецизира и пратеникот својата националност да ја изрази во кандидатурата за пратеник, а не отпосле по верификацијата. Ова сега што се случи во овој парламентарен состав, со добивањето плус еден член во Комитетот, ќе го нарпави сигурно и некое друго парламентарно мнозинство за добивање мнозинство во овој Комитет.

Понатаму, би сакал да кажам нешто за членот 28, кој е поврзан со членот 29 околу оправданоста на пратениците, дали треба или не треба да бидат овде, дали ќе бидат оправдано или неоправдано отсутни. Однапред да кажам дека сум за присутност на пратениците, затоа сме бирани од народот овде да работиме, а сега дали ќе бидеме во холот или овде, тоа е исто. Иако како опозиција сме напаѓани од одредени ваши членови дека не седиме на овие столчиња туку сме биле во холот, но и тој што не напаѓа знае добро дека и тоа е дел од работата, заради тоа вие сте парламентарно мнозинство и треба да имате 61 пратеник и така да работите, а не да очекувате ние да го правиме кворумот во ова Собрание. Зборувам за тоа дали ние пратениците треба или не треба да бидеме санкционирани и дали да се оправдаме - сега не знам дали треба да се правдаме пред претседателот и потпретседателите ако

отсуствуваме од седницата неоправдано, односно ако не донесеме лекарско уверение или ако не сме на службен пат. Јас мислам дека членот 29 треба исто така да се корегира и да се најде најсоодветно решение и како пратеникот да се оправда ако не е на службен пат и ако не е болен, а биде спречен, или ако е болен но не бил на лекар, па мора да оди кај својот матичен лекар да бара лекарско уверение и овде да го донесе и да го даде на нашиот претседател. Претпоставува дека тој ќе ни го оправда отсуството. Овде треба да се допрецизираат некои работи, за да се знае како се оправдува отсуството на пратеникот од седницата. Можеби тоа е добро, ако биде пратеникот отсутен треба да донесе лекарско уверение за да го оправда своето отсуство. Според мене, тоа не е проблем и сите пратеници верувам ќе се согласите дека не е проблем еден пратеник да донесе лекарско уверение, кога сега и учениците од прво одделение можат да земат лекарско уверение и да го однесат на класниот раководител. Тоа за нас не би бил никаков проблем и затоа мислам дека не е правилно решение.

Понатаму, би сакал да кажам нешто околу најфамозниот член 79 и по него другите најфамозни членови 84 и 85. Во членот 79 се предвидува со отворањето на претресот, значи во првите 60 секунди или во првата минута од отворањето на претресот да ги притиснеме копчињата за да се евидентираме на листингот за говор. Не знам и не можам да сватам како тоа е предложено во овој член и од кого е предложено во првата минута да мораме да се пријавуваме, од причина што на секој пратеник може да му се случи во првата минута да не биде овде и со тоа да го изгуби правото на говор по законот кој е во процедура. Од кои причини тоа не го прифаќам? Од причини што и вие од парламентарното мнозинство би се согласиле дека ние - не знам како ќе биде редот во наредниот период на закажаните седници и на недовршените седници - како што одиме сега во овие 4-5 месеци имаме по 3-4 закажани седници и по 3-4 незавршени седници, или пак изземаме некоја точка од една ги префрлуваме на други седници, па утре може да се случи некоја точка од некоја седница да ја префрлиме, па тој што мислел или имал намера да зборува по некој предлог закон да нема шанса да се пријави во првата минута. Тоа е една од причините. Друга причина е што сите знаеме дека ние колегите, особено оние кои се од повисокиот врв на нашите партиски структури или кои имаат некои функции овде во Собранието како претседатели на комисии, секогаш имаат средби со невладини организации, со странски дипломати, некогаш се надвор од Скопје и од Македонија, па за мене не е прифатливо да мора во првата минута секој кој сака да зборува по предлог законот, односно со отворањето на претресот, да биде овде во оваа сала. Тука треба добро да се размисли и се надевам дека дел од парламентарното мнозинство тоа нема да го одобри и ќе претрпи измени.

На овој член кој се однесува на првата минута на пријавување за дискусија се надоврзува и членот 84, според кој пратеникот го губи правото на зборување или на пријавување ако не е присутен во моментот кога ќе му дојде редот за зборување, што за мене исто така е неисправно од истите причини што ги кажав за членот 79. Значи пратеникот поради причините што ги кажав, заради прием на странски делегации, невладини организации, оправдано отсуство, заради средба со граѓаните андвор од Скопје и т.н., од истите причини ако бил во првата минута овде и го притиснал копчето за да се пријави за збор, сега треба да го чека својот ред за збор, можеби ќе биде 24-ти, 25-ти или 30-ти, но можеби баш во тој момент пет минути пред да дојде на ред ќе има закажано некоја средба што е неодложна, ќе замине и ќе се врати после 15 минути, но веќе го изгубил правото за збор. Овие два члена што ги спомнувам се поврзани еден со друг и секако треба да се направи подлабока анализа, една промена која ќе биде прифатлива за нас како пратеници. Притоа не мислам за нас како пратеници од опозицијата, туку мислам на сите пратеници, затоа што сигурно и од парламентарното мнозинство има пратеници кои сакаат да зборуваат или да го запазат редот - сега мислам на членот 84, всушност да не го изгубат редот на пријавување.

Понатаму, би зборувал за членот 85, кој во континуитет како и претходните два члена што ги кажав е поврзан со ова што го зборувам. Едниот се однесува на пријавување за збор во првата минута од отворањето на претресот со притискање на копчето, вториот член се однесува на тоа да мора да сме тука присутни и третиот, ако ги запазиме тие два члена да бидеме овде, значи да го запазиме редот и на крајот кога ќе дојдеме на ред за зборување, ние пратениците можеме да зборуваме - сега не зборувам за опозицијата, бидејќи така е наметнато прашањето дека опозицијата само е незадоволна од тоа. Мислам дека и од позицијата има пратеници кои сакаат да зборуваат повеќе, освен ако не им е поинаку наредено, да бидат кратки во своите излагања или воопшто да не дискутираат. Кога ќе се запази сето тоа, пратеникот има право 10 минути да го каже тоа што сака да го каже во однос на одреден предлог на закон, да изнесе некои свои идеи. Почитувани колеги пратеници, некогаш по некој предлог закон некој пратеник можеби тоа го чека и половина година или два месеци да каже нешто, процедурата е многу долга за да дојде до збор да го каже и да го предложи тоа, од причина што можеби за овој предлог закон за кој чека можеби и 5 месеци кога ќе дојде во Собранието, сега за да дојде до вистинската суштина можеби му се потребни 5, 6 или 7 минути за да не приближи до законот и сега за законот му остануваат само 2-3 минути зборување. Значи и членот 85 треба да се простудира и анализира дали треба да

продолжи дискусијата, дали треба да се дуплира, дали треба да трае 15 минути или 30 минути за еден пратеник. Секако, тука треба длабока анализа на членот 85, за да не го изгуби пратеникот правото или овие 3 члена, 79, 84 и 85 имаат заеднички именител, а тоа е замолчување на опозицијата или одземање на правото на демократија на опозицијата. Со тоа почитувани колеги пратеници се одзема и правото на граѓанит екои го дадоа нивниот глас за нас пратениците, бидејки со овие три члена што се дадени во предлогот на Деловникот тешко може некој да каже нешто, затоа што времето е кратко и процедурата е тешка за да дојдеш до овие 10 минути.

Сега би кажал нешто околу членот 155, член кој се однесува на пријавувањето на пратениците и учеството на пратениците во претресот по амандманот, односно пратеникот може да се пријави само еднаш за учество во траење од 3 минути. Исто така, мојата дискусија се сведува на врметраењето на правото за збор на пратеникот. Не се согласувам исто така со овој предлог, затоа што 3 минути или како што се вели во претходниот став 5 минути за предлагачот на амандманот односно 3 минути за пратеник кој сака да дискутира по овој амандман, за мене се многу малку, затоа што штом се предлага амандман, амандманот треба да стане дел од закон и оној што го предлага можеби ќе има потреба да зборува 10 минути. Едно мое конкретно видување за предлагачот е дека околу 15 минути треба да му се дозволат на предлагачот да го образложи својот амандман тоа е доволно време, а овие 3 минути што се предлагаат за останатите пратеници за дискусија по амандманот се малку и тие да бидат некаде 10 минути. Еве, сега пред малку имавме една жолчна дискусија овде, една нервозна дискусија кога му реплицираа на колегата Игор Ивановски, видовме дека 3 минути се малку за реплика, а камо ли за предлагање амандман. Колку што сум во ова Собрание, гледам дека кога реплицираат одредени пратеници на одреден пратеник, во 80% од случаите претседателот на Собранието мора да ги прекинува пратениците во репликата. Значи за реплика кон еден пратеник 3 минути се малку. Затоа, јас предлагам тоа да се продолжи на десетина минути по амандманот.

Исто така во членот 156 се предлага ограничување на 10 минути на предлагачот. Овде не би сакал да зборувам, но за ограничување на времето се зборува и во членот 158.

Некаде при крајот би сакал да кажам нешто околу Предлог буџетот. Тука имам предлог за да добијат некое право пратениците, 20 минути или повеќе пати по 20 минути можат да зборуваат и со тоа имаме некое право ние пратениците. Во претходниот став се вели дека Предлог буџетот мора да се донесе за 3 дена. Тоа е едно залажување на опозицијата или на нас пратениците од опозицијата дека конечно сме добиле некое право да зборуваме повеќе, 6 пати или 6 пати по 20 минути, но, почитувани колеги пратеници, тоа е само едно залажување. Има една пословица која вели: “На зајакот бегање, кучето држ”, а тоа е така овде за нас. Ние не сме мали деца и не можеме да ја сватиме поентата дека пак сме ограничени овде во овој член, затоа што за една така важна тема како што е Предлог буџетот на Република Македонија да мораме да бидеме ограничени на 3 дена. Мислам дека тоа е несериозно затоа што се работи за обемен материјал, затоа што се работи за Буџет од кој зависат многу институции во следната година и ограничувањето од 3 дена дебатирање по Предлог буџетот на Република Македонија за следната година мислам дека е несериозно, па треба и овде да се размисли за некое зголемување во денови, за 2 или 3 дена повеше од тоа што е предложено. Сепак, моето мислење е дека 3 дена се премалку за така сериозен проект како што е Предлог буџетот.

Сега би се вратил на членот 111. Тоа е член со кој мандатарот ја промовира својата програма и предлог за состав на Владата. И овде имаме ограничување, мандатарот ќе ја даде својата програма и предлогот за состав на Владата, тоа можеме односно сакале или не мораме да ја избереме Владата и да ја прифатиме предлог програмата на мандатарот вкупно за еден ден или до 24,00 часот вечерта. И овде не се согласувам, затоа што се избира Влада коај ќе ја води државата, се дава од страна на мандатарот програма за наредниот период, која е сериозна и пратениците треба добро да ја простудираат и продискутираат програмата и предлозите на мандатарот за членови на Владата. Овие членови на Владата треба во наредниот период се до некоја следна реконструкција да ја водат државата, а тоа ограничување од еден ден исто така е несериозно. Не знам од кои причини, но еве, во моментов се сетив на неколку причини зошто тоа е неизводливо за еден ден. Ние седниците ги почнуваме во 11,00 часот. Мандатарот ќе ја прочита својата програма половина час или 45 минути , можеби иза еден час. Ние или било кој пратеник, некој координатор на пратеничка група ќе ги побара стенографските белешки од излагањето на мандаторот и ќе се даде еден час пауза. После еден час ќе дебатираме и во 14,00 ќе одиеме на ручек, а во 15,00 часот ќе продолжиме со работа. Значи ни останува ефективна работа од 15,00 до 24,00 часот, ако нема прекини. Верувам дека кога се избира Влада има подолга и поопширна дискусија, доаѓа до прекини на седницата и ова време што останува од 15,00 до 24,00 часот односно околу 9 часа, можеби и од нив ќе изгубиме 2 до 3 часа и нам ни остануваат за да ја избереме Владата, да ја усвоиме програмата на мандатарот некаде 6-7 часа.

Тоа е моето видување околу сите овие членови, забелешки има и други, но вчера во обраќањето на неколку мои колеги беше детално образложено, говорам колеги правници кои подобро ја разбираат оваа проблематика, беа дадени сугестии, видувања на повеќе членови.

Можеби некаде 40 до 50 членови има што треба да се изменат, некои членови да се укинат, корегриаат итн.

На крајот да кажам, во дискусиите на одредени колеги од парламентарното мнозинство, конкретно би го спомнал колегата Пачемски, неговата синоќешна дискусија кога кажа дај да најдеме и се надевам дека ќе најдеме еден компромис дека со дебатирање ќе ги усогласиме ставовите и ќе донесеме еден деловник што ќе биде прифатен како за позицијата, така и за опозицијата.

Но, дали тоа ќе се случи не знам дали колегите пратеници од парламентарното мнозинство ќе се осмелат да гласаат спротивно од она што мисли Владата. Ако Владата мисли вака да го донесе Предлог-деловникот, ако така е замислено, џабе дебатираме. Мислам дека ќе помине со гласањето, дури и со 71 пратеник, ако бидат сите овде во ова Собрание. Ако не бидат овде, знаеме кои нема да бидат овде, секако со целосна подршка од парламентарното мнозинство ќе помине овој деловник ако е така замислено. Ако се мисли да се разговара, да се дебатира, да се отстапува, да се договара, тогаш тоа е друга работа. Тогаш можеме да донесеме еден заеднички деловник што нема да биде оспоруван никогаш во наредниот период. Никогаш нема никој некому да се лути дека донел таков деловник и никој нема да си навлече на себе гнев од некои пратеници во некој иден мандат кога ќе сака да го искаже своето право, а ќе бидат ограничени токму со оние три членови што јас ги кажав и особено она што го кажав за Предлог-буџетот на Република Македонија да се донесе за три дена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам и високо го почитувам вашиот став господине Киров.

Процедурално повелете госпоѓице Грковска, три минути.

**Славица Грковска:** Господине претседателе,

Јас морам да реагирам затоа што предлагачот не беше присутен во салата цело време додека господинот Киров дискутираше.

**Љубиша Георгиевски:** Можеби не сте известени, но госпоѓата Лалчевска Ристана е овластена, со потпишано овласување да го замени господинот Трајко Вељановски.

**Славица Грковска:** Господине претседателе,

Такво писмено известување не сме добиле. Затоа препорачувам додека не се појави предлагачот и додека не го добиеме на писмено известувањето дека госпоѓата Лалчевска е овластена од страна на предлагачот како негов заменик да ја прекине тука расправата и да продложиме во оној момент кога ќе добиеме такво писмено известување.

**Љубиша Георгиевски:** Давам 10 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,42 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Има збор Ристана Лалчевска, повелете.

Дали барате збор, бидејќи имате право на збор, или реплика?

**Ристана Лалчевска:** Добро, јас како овластен предлагач побарав збор за да го прокоментирам обраќањето на нашиот колега. Господинот Киров во својата дебата и во својата дискусија покажа што всушност треба да се дебатира по еден Предлог на деловник.

Јас му благодарам за сите конструктивни забелешки кои ги изнесе по однос на предложениот текст кои треба да се доработуваат со што делумно се согласувам, дел од нив се забелешки на многу од пратениците кои доставија забелешки кои можат да се видат на самиот сајт на Собранието, ги има официјално доставено.

Меѓутоа, би сакала само една работа да искоментирам, односно да реплицирам.

Деловникот се однесува на сите пратеници. Како во Уставот така и во Деловникот се третира пратеник. Таму никаде не пишува пратеник од владеачки партии, пратеник од опозиција и пратеник од оваа или од онаа опција. Уставот и Деловникот третира пратеник. Значи, сите правила кои ќе се предвидат во Деловникот ќе важат за пратеникот. Притоа нема посебни правила за пратеник од опозиција и за пратеник од владеачки партии. Затоа не сакам и ги молам колегите во дебатата да не пласираме дека постојат посебни правила за пратеници од опозиција и власт, бидејќи господинот Киров во своето навистина конструктивно излагање по однос на Предлогот на деловникот изнесе работа дека се ограничуваат пратениците од опозицијата. Не. Ако важи правило за говор од 10 минути или од 15 минути тоа ќе важи и за мене и за вас господине Киров. Тоа е правило за работа за нас двајцата иако е едниот пратеник од владеачката партија, а другиот од опозицијата. Сите правила кои ќе ги изградиме во деловникот ќе важат за сите 120 пратеници, така вели Уставот, така вели Деловникот и така ние како пратеници треба да ги градиме и почитуваме правилата.

Само во тој дел имам забелешки, инаку навистина дадовте придонес со вашите предлози. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики се пријавени Оливер Спасовски, Ацо Киров на излагањето на Лалчевска исто и Борис Кондарко.

Панче Дамески и тој е за реплика на Киров.

Ајде да ги завршиме репликите на Киров, да не се преклопуваат темите.

Повелете, Панче Дамески, вашата реплика.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе, за разлика од многу негови сопартијци кои ја

злоупотребија дискусијата за деловникот за дневнополитички цели и ефтин политички маркетинг колегата Киров покажа како конструктивно да дискутираме по Предлог деловникот. Овде би му реплицирал за неговата забелешка која беше основна за ограничување на дискусијата и процедурата.

Сите сме сведоци дека собраниските расправи не секогаш се плодотворни и дека не секогаш се одликуваат со конструктивност која би довела до подобар квалитет на законските предлози кои се на дневен ред. Поради тоа се предложените измени во новиот деловник кои се направени по угледот на многу земји со сериозно парламентарно искуство, но по угледот на земји кои беа и сеуште се во транзиција.

Овде би го запрашал колегата Киров да даде пример дали знае во која друга европска земја дискусиите во Парламентот се неограничени и во време и по број на јавувања на еден пратеник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Ако може ќе ги искористам двете минути да реплицирам и на Лалчевска и на Дамески.

Што се однесува до колешката, јас мислам дека во мојата дискусија кога дискутирав често го употребував зборот дека ќе се скрати времето на говорење или ќе се одземе демократијата на опозицијата, но ако добро ме следеше неколку пати, можеби и повеќе пати кажав дека не само на опозицијата, туку и на пратеници од позицијата затоа што можеби и пратеник од позицијата понекогаш ќе има потреба или ќе сака да зборува малку подолго од овие 10 минути.

Значи, тука да сме на чисто,ако ме следела добро колешката Лалчевска кажав дека е потребно и за позицијата.

За репликата на колегата Дамески му благодарам што кажа дека имав конструктивна дискусија, но колега Дамески ние новите пратеници сме за конструктивно, а нашите постари пратеници и луѓето кои ни ја водат партијата се за политички прашања.

Само едно прашање до вас, дали има парламент во Европа каде се води дискусија или дебата на два јазика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сега сме на репликите по однос на говорот на госпоѓа Лалчевска.

Повелете господине Кондарко, вашите три минути.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Мислам дека пратениците поддржувачи, сега таа улога на Вељаноски ја презеде Лалчевска, мислам дека пратениците од мнозинството како поддржувачи во напливот или во желбата да ги објаснат или да ги оправдаат нивните аргументи се понижуваат и не понижуваат сите нас заедно како пратеници. Сега говориме дали е нешто праведно, принципиелно за сите пратеници, без разлика дали припаѓаат на власта или на опозицијата.

Колешката Лалчевска вели дека нема посебни правила за власта, посебни за опозицијата, јас ќе го кажам следното. Има посебни правила за власта на овој начин затоа што сакате да ја замолчите опозицијата. Мислам дека не е добро за дебатата, демократската дебата за дијалогот и за демократијата, бидејќи удирајќи по опозицијата удирате по демократијата. Впрочем, вчера беа цитирани вашите говори од 2004 година кога се побунивте за ограничување на само една точка за Буџетот. Имено, мислам дека на овој начин власта се плаши од соочување од дебата со опозицијата. Сака молчешкум под плаштот на ефикасност да ги протурка како број на закони и да прикаже дека Собранието на таков начин ќе биде ефикасно. Наша работа е да говориме. Не се плашете од дебата ако ја ограничувате опозицијата ќе нема дијалог. Тоа ви е затворениот круг од кој не можете да излезете и за кој покажувате контрадикција во зависност од тоа дали сте власт или опозиција. Тоа не води кон напредок на институциите и демократизација на институциите.

Дали за вас е праведно и дали не е понижувачки за пратениците ако, како што велите уставна категорија е пратеник, а во Деловникот предлагате пратеничка група од најмалку 5 пратеника да можат да поднесат амандман.

Понатаму, тоа не е праведно, не е уставно. 15 пратеници да побараат прво читање. Дали со тие квоти затоа што некои пратенички групи немаат 15 пратеници, не можат да обезбедат за да има општ претрес, прво читање. Дали тоа е унапредување на дијалогот, на дебатата, дали на таков начин како граѓаните ќе разберат за што се залагаме и за каква политика, или ограничувањето на пријавување во рок од една минута, тоа ќе важи исто и за вас. Со вашите камења се удирате по сопствената глава. Тоа не е добро, не можете на таков начин да влезете во дијалог и во дебата. Демократијата губи во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за госпоѓа Лалчевска, повелете една минута.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам колега Кондарко, ме уваживте што излеговте на говорница за да можам да ве гледам и да ве следам.

Јас ве уважувам, но бидејќи имам само една минута нема да излезам на говорница, ќе се слушнеме и вака.

Да се разбереме, демократија е почитување на определени правила, се друго е анархија. Ние треба да си изградиме правила кои ќе ги почитуваме за да имаме демократија. Тоа е една работа.

Друго, во контекст на тоа кога вие имате пропишано едно правило и кога по потреба и злоупотреба ви го ограничуваат, тогаш е ограничување. А, кога имате пропишано строго

правило кое сите го почитуваат, тогаш тоа е демократија.

Тоа е во контекст на изјавата која беше прочитана.

**Љубиша Георгиевски:** Вие имате право да земете збор.

Повелете господине Спасовски, вашите три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Колешката Лалчевска по однос на дискусијата која ја имаше навистина ќе сфатев дека деловникот е за пратеникот, јас така го разбирам, а не на пратениците на опозицијата и на власта. Доколку соберевте храброст, доблест да разговараме на оваа тема, да усогласиме одредени ставови, а не вака да биде поставена пред Собранието иако ќе оди во две фази. Тоа е првата работа.

Второ, ако толку го почитувавте пратеникот како институција и јакнењето на Парламентот, зошто не давате можност во деловникот да се пријави пратеникот да разговара во секој момент на разгледување на прашањето, туку ограничувате само на првата минута? Зошто пратеничката група ја ставате во повластена ситуација во однос на пратеникот како уставна категорија? Мислам дека тоа не е принципиелност.

На крајот, што толку се смени 6 месеци по изборите по однос на претходниот мандат кога толку еуфорично кажувавте дека на голема врата доаѓа тиранијата, намалувањето на демократијата и не знам што заради едно ограничување на дискусијата на пратениците од опозицијата или воопшто на пратениците во Републичкиот парламент.

Ако сме принципиелни треба да бидеме принципиелни до крај и за она што се залагаме за дигнитетот на пратениците и на Собранието да ги браниме таквите ставови без разлика дали седиме од левата или од десната страна во Собранието. Инаку, сега знам како и на пратениците од опозицијата кога биле на власт и сега заради тоа што не можеме да се откачиме од канџите на Владата и притисоците и постојано го деградираме овој Дом сме биле во позиција за некои работи да премолчуваме, што не е случај со вас, секоја чест, меѓутоа, на многумина е по правило парламентарното мнозинство не се јавува и не дискутира и затоа можеби ви се многу и 10-те минути кои сте ги зацртале.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за госпоѓа Лалчевска, повелете, вашата минута.

**Ристана Лалчевска:** Еве, како едно појаснување, јас и господинот Оливер Спасовски нешто официјално, нешто неофицијално, но повеќе неофицијално разговараме 6 месеци во овој Парламент околу правилата на Деловникот, околу недостатоците, околу потребата за нов деловник и т.н.

Меѓутоа, ние сме само двајца пратеници, треба да го слушнеме мислењето на 120 пратеници по ова прашање и затоа сега ние разговараме во прва фаза за потребата од донесување и ако ја утврдиме потребата од донесување колега, ние ќе разговараме за се што кажавте и за првата минута и за 10-те минути и за пратеникот, а не 15 пратеници, тоа се забелешки кои на многумина од нас се забелешки по текстот што е предложен. Тоа ќе го изградиме до завршување на втората фаза. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,58 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 мин.)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата да продолжиме со седницата.

Во ред тогаш ако пратеникот Божиновска Валентина се согласува да почне со нејзиниот говор пред да дојде овластениот претставник на предлагачите, тогаш би можеле продолжиме.

Добро, бидејќи дојде претставникот од страна на предлагачите тогаш збор има пратеникот Божиновска Валентина, повелете.

**Валентина Божиновска:** Јас знаев дека ќе дојде госпоѓа Лалчевска.

Почитувани колеги пратеници, сепак оваа фаза ја сфаќам како повеќе сериозен и конструктивен дијалог за кој навистина би требале повеќе да ги елиминираме и недоследностите па дури да не влегуваме во сериозни полемики кој е за тоа виновен. Мислам дека треба да излеземе конструктивно во она што работните групи се договорија и особено со заложбите кои ние ги прифативме до секретарот на Бундестагот. Начелно она што го слушнав од сите овие дискусии деновиве, главно секоја пратеничка група и секој пратеник се согласуваме со забелешките. Мислам дека за тоа нема ништо против и владеачката политичка гаринитура. Само останува да издебатираме до крај на еден сериозен претрес, што е тоа што треба да понудиме во понатамошната дискусија и особено, она што треба да биде пред експеримент во втората фаза на донсување на деловникот.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Божиновска, само еден технички детал, бидејќи не сте на местото на кое сте пријавени, микрофонот е вклучен кај госпоѓа Јаневска, така да, вклучете го вашиот микрофон, за да може да се слушаме.

**Валентина Божиновска:** Во ред, јас ќе продолжам, како и да е, во овој миг треба да се заложиме, да се договориме сите заеднички пратенички групи дека навистина, читајќи го деловникот, прворично нешто што ќе забележите дека е санкционен, апсолутно, дека е и рестриктивен. Значи, во овој момент треба да се договориме како тој во наредната фаза не би требало да изгледа, таков санкционен и рестриктивен.

Мислам дека она што го гарантира член 71 од Уставот, а тоа е правото да предлага донесување на закон. Право да предлага донесување на

закон има секој пратеник во Собранието, Владата на Република Македонија и најмалку 10 илјади избирачи, институции, здруженија итн., секој граѓанин. Да го тргнеме тој член кој е сериозно ригиден дека може само пратеничка група а не секој пратеник. Мислам дека со тоа ќе понесеме сериозно парламентарно искуство кое сите сме го имале досега, особено собраниско искуство. Навистина се согласувам со колегие, не е пријатно, не е страшно, но не е пријатно, почитувани колеги, да разговараме дури и за првата фаза. Не се знае кога ќе дојде втората фаза во состав во кој ги нема легитимните претставници, колегите кои доброволно по своја иницијатива излегоа, тоа се колегите од ДУИ и ПДП, бидејќи ако продолжиме понатаму со дискусијата и ако го донесеме, ако поминеме на втората фаза, тие секогаш во својот беграунд има да кажуваат, да, ние не бевме присутни, ние не бевме тука да разговараме и веројатно, тоа ќе биде едно сериозно алиби на владеачката позиција во нивните меѓународни извештаи за кои ќе се опонира зошто така брзо се зборувало и за првата и за втората фаза, не биле блиски. Мислам дека е еден непријатен хендикеп зошто сега брзаме со 61 пратеник да ја донесеме барем првата фаза.

Втората работа на која сакам да аплицирам е она што е сериозен аргумент во работата на Собранието. Работата на Собранието е многу скапа работа. Многу работиме, немаме слободен ден тука, ваков деловник не можеше за шест месеци, значи немам ништо против предлагачите, но сите овие предлагачи со име и презиме, потписник е и ВМРО Народна партија со претседателот, мислам дека не е доволна работата и искуствотосо претходниот деловник. Што тоа значи? Нам ни се виде дека шест месеци ние ли бевме виновни, да не влегуваме во замката како парламентарци, како луѓе кои дебатираат по секоја точка и сега, од севкупното искуство од шест месеци, наеднаш мислиме дека сме ние единствените виновници за кои не се донесуваат закони. Не, би сакала да апелирам да не влегуваме во таа јамка, бидејќи е многу опасна. Не беа виновни парламентарците, не беше виновен претседателот на Собранието и не беа виновни во наводници имање или немање демократија. Демократија во политичкиот систем, пред се означува доброволно, со демократски принципи паѓање на една Влада и доаѓање на друга Влада. Според тоа, не се работи дека пратениците не беа ефикасни, односно работните тела. Но, од друга страна сум за тоа дека работните тела наеднаш со овој деловник ќе дојдат на еден сериозен пиједестал што досега таа улога ја немаа. А тоа што значи? Сериозно дебатирање на работните тела ефикасно дебатирање на работните тела и понатаму да се сведеме на минимум што значи конструктивна дискусија во Собранието. Се разбира, ќе кажам понатаму во кои членови дека дискусијата не треба да биде на пет до 10 минути. Но, апсолутно дека телата треба да имаат поголема ефикасност и поголем пиједестал во Собраниската процедура, апсолутно сум да. Споредбата со другите парламенти, исто така сметам дека е погрешна. Значи, велиме Германија, Австрија, Франција, Албанија и тн. во моментот држава која сега во овој момент има сериозни импликации во односите и билатерални и било какви со Грција, со Бугарија, со Србија, единствено со Албанија, мислам дека таков третман да даваме за овој Деловник и да се компарираме е страшна работа.

Прво, затоа што нивниот парламентарен механизам е сосема поинаков. Има повеќе пратеници, за Албанија не говорам, 500 некаде 300 итн. Сосема е различно доколку го помножите тоа, дискусијата ќе дојде тука некаде до 20 - 25 минути со нашите 120 пратеници.

Значи, ве потсетувам на еден момент кога го потпишувавме одамна договорот за стабилизација и асоцијација со Хрватска. Од тој момент Хрватите бледо ни завидуваа, а сега, во овој момент ние може да разговараме само за квотите на вино во земјоделието. Не ни е виновен деловникот за тоа. Можеме да разговараме за тоа, темпото кое го нуди Владата. Темпото кое го нуди Владата во овој момент е позначајно од тоа како работат пратениците. Но, ВМРО Народна партија во разговорите имаше два предлога.

Првиот предлог до секретарот на Бундестагот беше не е лошо да не се пука во јавноста дека нема дијалог. Дека работиме на дур. Дека спрегите се уште пожестоки, дека може да се случи после донесување на овој деловник да се заостри токму односот меѓу власта и опозицијата. Нашиот предлог беше до генералниот секретар да се донесе после мандатот.

И верувајте ми, ако заедно со нашето интелектуално миље овдека и особено автентичната култура која носи секој поединец пратеник, сфатиме една работа. Работата на опозицијата е безпрестано да зборува колку може и таа ќе опонира. Работата на мнозинството од Владата е што повеќе да носи закони односно што повеќе да го имплементира она што го има ветено во својата програмска определба. Овој момент преродба за 100 чекори на ВМРО ДПМНЕ. Според тоа, сериозно ќе упатам најпријателски совет до моите колеги на ВМРО ДПМНЕ. Да не реплицираат со тоа дека се најпопуларна Влада до сега, дека имаат се уште доверба Владата, и дека ние си ги тераме работите. Ќе кажам и зошто мислам така. Деловникот во таа раплика нема да им помогне во март, април, мај, јуни. Да не мешаме легитимитет со публицитет. Да не мешаме популарност на една Влада, односно популарсност на еден премиер со популизам на пратеници. Тоа е страшно. Тоа не е демократија. Тоа не е дијалог. Деловникот не е виновен за тоа. Пратениците кога ќе одат во своите изборни единици во 3, 4,  и 5, нема да го прашаат премиерот и Владата министрите кои се одговорни да ги носат законите, туку ќе ги прашаат пратениците што направивте со ова вработување? Има ли промена таму? Што

направивте со тој закон. Што направивте со откупот на грозјето? Што направивте со откупот на виното и тутунот? Тоа се суштински работи. Тоа ќе ве прашаат, е тогаш нема да одговори владеачкото но, нас деловникот ни е виновен, опозицијата не кочи. Многу добронамерно сакам ова да порачам да немаме во иднина такви контра реплицирања. Навистина можеби во овој миг преодната фаза можеби треба со преодна фаза. Ние имаме закони кои оставени на страна. Требаше да се договориме како ќе ги донесеме тие закони кои се оставени ако почнеме со овој деловник.

Значи првата забелешка е со кое парламентарно искуство ние имаме потреба од нов деловник, и втората со каква преодна фаза ние, или можеби треба да се донесе во преодна фаза, на кој начин ќе работиме за другите закони.Владата почна со пракса да ни доставува амандмани, кои ни ги беше предложила. Суштински имавме неколку закони во кои апсолутно се менуваше текстот на законот. Сега имавме недоречености, за тоа не се согласувавме. За нешто се согласувавме, меѓутоа, не можевме да аплицираме со амандмани. Затоа е добро тој член да остане да може секој пратеник да нема различна диференцијација на тоа координатор или пратеник. Уставно е загарантирано со членот 71. Мора секој пратеник да има деловничко право да поднесува амандмани. Тогаш со тие закони кога ни носеше Владата амандмани,видовме дека навистина има членови во деловникот кои не се доследни на нашата работа. Суштински ја разбирам и Владата. Таа има сериозна потреба до мај, јуни, да донесе нови економски закони. Деловникот ќе ни одземе многу време. Многу дебати. Веројатно ќе земе и утре и до идниот петок. Само дискутирање околу тоа за што може да се договориме и за што не. Истовремено, го разбирам и темпото на премиерот на Владата апсолутно, менталниот склоп бара на премиерот да има ефикасност во базата, ефикасност во економијата, во стопанството. Но, не е виновен пратеникот што министрите, а треба да ги носат брзо законите и да ги доставуваат и Собранието да раководи по нив. Дајте навистина да не си ја преземеме топката дека пратениците, односно Собранието не работат. Ние работиме од понеделник до петок. Ние немаме слободен ден. Што се случува со помалите партии. Помалите партии, агендата на пратеникот не е само да седи тука да дебатира. Агендата е да прави прием, понекогаш Агендата е да работиме и надвор, да работиме на собраниските тела, да се случи навистина несакајќи да немаме кворум, не затоа што не сме тука, туку затоа што имаме работа внатре. А работа внатре значи средба со граѓани итн. Ние сме носеле закони 1998-2002 година. И минатиот Устав носеше. Внимавајте со слободен ден во понеделник. Ние сега имаме пет дена, а ја немаме ефикасноста. Значи, треба да се ангажираме во делот на членовите во кои ќе добиеме поинаква ефикасност. Затоа, би сакала во однос на споредбите на земјите навистина, со нивните економски параметри, со нивниот економски растеж, не е во ред овој момент, ниту со парламентарната дебата како се одвива кај нив, да не се споредуваме. Но, особено затоа што Бундестагот имаше сериозни предлози како ќе носиме дел од одлуката. И она што ВМРО народна партија се произнесе на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем каде што сум член е следното: во член 29 став 2, да се брише, или да се измени и да гласи: пратеникот, значи внимавајте, разговараме за терминолошка дистинкција. Што тоа значи. Кој навреме нема да го извести претседателот на Собранието дека е спречен да присуствува на седница на Собранието ќе се смета дека е неоправдано отсутен. А со оглед на тоа што не познавам законодавец кој што не може да ги предвиди сите оправдани отсуства, а сигурно како што е во член 29, ние не можеме да направиме точна детерминација кое е отсуство поради болест, а кое е службено патување, особено заради тоа што претходно кажав во дискусијата, ние сме тука по холоарите, по работните тела, со прием на граѓани итн.

Значи, во истиот тој член 29 треба заеднички да дефинираме што е навремено известување. Што значи навремено известување. Нашиот став на ВМРО Народна партија е да се измени ставот 1 од член 29 на пример кој сметам дека е многу подоблесно да гласи, “пратеник кој е спречен да присуствува на седница на Собрание, должен е за тоа да го извести претседателот на Собранието најмалку 3 часа пред почетокот на седницата”.

Понатаму, забелешката во член 30 став 4, да се избрише. Со оглед на тоа дека пратеникот, освен што својата пратеничка функција, кажав, не е можно да се казнува. Ние не можеме да направиме тука однос професор и ученик. Не може претходно да ја познавам својата агенда, бидејќи имаме конференции со невладини организации, имаме трибини со невладини организации, имаме македонско женско лоби, покрај работите тука, имаме работа во партијата и не можеме однапред да ја кажеме својата агенда и според тоа да бидеме парично казнети. Ако одредиме кога можеме да бидеме парично казнети, тоа не можеме да го утврдиме со член 30 и став 4. Кажав зошто, затоа што не можеме однапред да ја знаеме својата агенда, која би можела да се поклопи со агендата на Собранието.

Во член 31 став 1 имаме предлог да се измени и да гласи: “За присуство на седниците на Собранието се води тн. евидентен лист отворен во текот на седницата за секој ден на одржување на седницата. На крајот од работниот ден се предава на претседателот на Собранието”. Што значи тоа? Дневникот, професорот треба да заокружи кој имаше плус, кој имаше минус. Ова е причина што пратеникот кој нема да се запише во евидентниот лист во првите два часа предвидени се за запишување, тој ќе нема мотив односно да нема мотив да присуствува на останатиот дел.

Тоа значи, ако пратеникот дојде во два часа, а седницата трае 20 часа, што ако се мотивира и е дојден, а неговиот евидентен лист веќе е кај претседателот на Собрание, сака да дебатира, а не може да присуствува, затоа што веќе е претходно евидентиран дека не е присутен.

Понатаму, член 79 за кој зборуваше мојот колега од СДСМ господин Ацо Киров, за овој член и ставот 2 за кој апелираме како ВМРО-Народна партија да гласи: "Претресот трае додека не се исцрпи листата на пратеници кои се пријавиле за збор". Овој став да се избрише и да гласи: "Пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот. Листата на пратеници не може да се менува и да се дополнува во текот на претресот". Или пак, овие реченици едноставно да се заменат со една реченица: "Пратеникот за збор се пријавува лично по отворањето на претресот и може да се пријавува по завршување на претресот". Со оглед на тоа дека во текот на различни дискусии може повторно пратеникот да добие поинаква инспирација од претходната, па дури и може да го ревидира и својот исказ.

Понатаму, во членот 84 ставот 3 да се брише со оглед на тоа дека пратениците не можат да предвидат точно кога имале ред за збор односно кога претседателот ќе им го даде зборот, во тој момент од разно разни причини не се присутни во салата, ова уште повеќе што правото на говор на пратениците е уставно загарантирано. И уште многу кратко, член 85 став 1 да се измени и да гласи: "По предлогот на претседателот или од еден пратеник со мнозинство гласови од присутните пратеници, на почетокот на претресот по одделно прашање. Собранието може да одлучи пратеникот по тоа прашање да може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратениката група и предлагачот на актот или материјалот во траење од 15 минути". Навистина, ова е нешто за кое што сите сме договорени и за кое мислам дека имаме сериозен консензус, само треба да се договориме дали тоа ќе биде во втората фаза со уште неколку работни групи дека не можеме, се работи за различно интелектуално мијље. Некој може да говори 10 минути да го искаже тоа, некој може три минути, некој може 25 минути. Значи, треба да најдеме консензус кој колку ќе говори и тоа ќе го прифатиме сите заедно едногласно. Значи, да се договориме за временската ограниченост.

Понатаму, во член 87 став 1 "Пратеникот кој сака да говори за неправилната примена на деловникот, претседателот му дава збор штом ќе го побара". Во ставот 2 зборовите: "Координатор на пратеничката група и заменик на координаторот", да се заменат со зборовите: "пратеник". Зошто? Значи, јас не сакам бидејќи не сум координатор и не сум заменик да ми се одзема правото да зборувам исто како заменикот или како координаторот. Со тоа каква диференцијација правиме? Тоа значи дека координаторот може подобро да се изјасни од еден пратеник, а тоа е она што го кажав и пред малку со членот 71 од Уставот. Ваквите измени се потребни, со оглед на тоа дека секој пратеник има и треба да има забелешки по однос на неправилната примена на деловникот и се разбира на сите пратеници, кои не присуствувале и кои не се во одредена пратеничка група. Може да се случи да имаме разно разни трансформации сега во пратеничкиот состав во Собранието и навистина да има пратеници кои не припаѓаат во пратеничка група, а со тоа ќе им се одземе правото на збор. Тоа е она што ВМР-Народна партија го предалгаше и во работните групи и на Комисијата и сега имам еден мој личен став, личен предлог, а тоа сме го разговарале и во нашата партија, зошто не се договориме сите заедно да направиме нешто што направија Словенците, што го направија Германците. Всушност и генералниот секретар во нашите дискусии тоа и ни го предложи. Зошто, ако се договориме да заврши првата фаза, да направиме проба, симултанка, превод на деловникот. Ќе земеме еден закон, ќе видиме како оди тоа во дебата на собранискoто тело и тогаш ќе провериме многу работи за кои денес се испокаравме, а и не бевме засегнати за таква кавга и да направиме исто така проба овде. Да видиме дали тоа ќе ни донесе ефикасност. Тогаш ќе ги видиме сериозно аномалиите кој, каде, кој член треба да го поместиме и тн. Верувајте, ние сакаме да го играме Шекспир, ама не сме го научиле напамет. Е, па, не може така.

Предлагам после првата фаза која е донесена, пауза, договор во работни тела, проба на симултанка односно превод на деловникот. Проба со закон. Да видиме како ќе оди. Ако со тоа Владата биде задоволна, тогаш ќе речеме навистина ефикасно работиме и тогаш ќе видиме дека ние не сме виновни, тогаш навистина предлагам да прејдеме и на втората фаза. Но, пак, ако видиме дека навистина темпото е исто и ако темпото е исто, а ние не сме виновни, ние за забавеноста на донесувањето на законите, тогаш дајте да одиме по предлогот на повеќе пратенички групи, на крајот од овој мандат да го донесеме деловникот, со сите овие корекции кои добронамерно ќе ги прифатиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Госпоѓа Дулиќ има реплика.

**Благородна Дулиќ:** Како секогаш и овој пат, пред се, ме фасционира бојата на гласот на колешката, што мислам дека многу влијае и на содржината на она што го зборува. Меѓутоа, сепак во однос на содржината целосно не би се согласила со она што го кажа. Но, што е главно мојот заклучок е дека таа дава поддршка и смета дека е потребно да се донесе нов деловник. Ние сме токму во таа фаза на дебатирање за Предлог-деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, однсоно да се изјасниме дали има потреба од донесување на нов деловник. Иако децидно тоа не го кажа, од она што беше речено и пуштањето во содржината на

самиот деловник, сметам дека оценката е позитивна.

Што се однесува до нејзиниот став дека овој деловник е санкционен, рестриктивен и тоа се огледува од димензионирањето на времетраењето на дискусиите и евиденцијата на отсуствата, односно неприсуство на пратениците на седниците, сметав дека во однос на првото прашање и таа позитивно се изјасни дека навистина треба да бидеме одмерени во нашите дискусии, а тоа ќе го сториме на тој начин што претходно сите ќе се подготвиме кога ќе бараме збор, да знаеме што сакаме и што треба да кажеме кога се јавуваме за дискусија. А, не кога ќе станеме на говорница тогаш да мислиме што сакавме да кажеме.

Што се однесува по однос на отсуствата, ако ние навистина направиме по работните тела да биде главната дискусија по однос на законските проекти, тогаш ќе имаме и време и слободни денови за други ангажмани, односно за работа со граѓаните, за работа во невладините организации и сето тоа што следува. Според тоа, овој деловник автојматски тоа ќе ни го овозможи. Имам многу други работи да кажам во врска со ова, меѓутоа сметам дека неприсуството на седница, не може никој да го оправда, затоа што ние овде не сме заради нас, туку заради тоа што граѓаните гласале за нас. А, гласале за нас да сме овде кога траат седниците.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута има пратеникот Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам.

Мене ми е многу жал што ве фасцинира мојот глас, а не суштината која ја зборувам. Значи, она што јас го кажав, јас ќе ви го доставам како работен материјал и мислам дека не постои, освен веројатно ВМРО-ДПМНЕ кои не се согласуваат со овие забелешки. Забелешките беа на присуството, на времетраењето, на уставната загарантираност на пратеникот, особено по однос на амднамните и тн. Но, нема потреба, тоа ми беше целта, нема потреба од бранење во овој момент на Владата и несогласувања со одредени мои реторички забелешки. Ние како пратеници не сме виновни дали на некој министер му оди во мигов или н му оди. Не знам дали ме разбирате. Точно знаете што ви говорам. Јас не сум виновна ако министерот Коњановски не работи и не носи закони, јас сум на третата изборна единица кога ќе ми постави некој прашање или некој градоначалник зошто не ги поминавме законите кои што требаат да бидат предлог на промена на локалната самоуправа. Тоа е поентата. Ние не сме виновни како пратеници за тоа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има пратеникот Лилјана Поповска, повелете.

**Лијана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги предлагачи, почитувани колеги.

Минатиот мандат на Собранието го одработивме со за тогаш нов Деловник и за прв пат тогаш беа регулирани посериозно начинот на водење на седниците, меѓутоа и начинот на рефлектирање едни на други како пратеници и со тоа се озбегнаа многу хаотични ситуации кои што пред тоа беа присутни во претходните мандати.

Меѓутоа, по четиригодишен мандат на Собранието и работа по еден таков Деловник, нормално е дека веќе имаме доволно искуство за да видиме што во него е добро и што во него не е доволно добро, како и каде се јавуваат главните проблеми.

Она што сите сме го лоцирале, независно дали некој во момент кога бил во позиција или во опозиција, затоа што тоа е природна состојба на партиите и се менуваат состојбите, сите сме забележале дека има главно два проблеми, со кои се соочуваме во текот на работата. Едното е поради неограничувањето на дискусиите, што создава можност за опструкции доколку одредена партија тоа така го одбере, за опструкции, условно кажано, со можност за пролонгирано говорење и на тој начин блокада на донесување на закони и функционирање на Парламентот.

Друг проблем со кој се соочуваме со години по ред е немањето кворум кога треба да се донесат закони. Токму поради тоа и во минатиот состав на Парламентот, па еве сега и веќе сосема конкретно се размислуваше за измени токму на овие две места. Имено, за да се направи ограничување и да се воведе една процедура со времетраење на дискусиите, со одреден систем според кој што ќе може да се говори во Парламентот. Второ, со предлагање ден за гласање. Денот за гласање беше лично и мој предлог уште кога бев потпретседател на Собранието во минатиот мандат. За жал, тогаш немаше расположение за тоа и се тргна од тоа дека пратеникот мора да слуша, да биде тука по секоја цена и секогаш и едноставно денот за гласање помина некако глуво и не се поразмисли за него посериозно. Така, мене лично ми се сосема прифатливи овие две измени кои што се суштински за овој деловник и за кој што верувам дека ќе придонесе за порационално функционирање на Собранието. Значи, да се создаде систем за регулирање на говорниците во Собранието онака како што веќе се регулирани репликите, треба да бидат регулирани и говорите и излагањата на пратениците и другите излагачи во Собранието и исто така да има ден за гласање, со што би се надминале проблемите со кворумот. Значи, овие две работи ми се сосема прифатливи и верувам дека на тој начин ќе се обезбедат две работи во Собранието. Веќе реков рационално работење од една страна, меѓутоа мора да се води сметка уште за еден елемент, што е извонредно важен за мене, а тоа е либералност во Собранието. Либералност во која што секој пратеник ќе има право и можност слободно да го искаже својот став, слободно да се изрази и да учествува активно во

донесувањето на законите во формирањето на мислењето во Парламентот и надвор од него.

Од овие причини, велам јас, овој дел од измените во деловникот ги сметав за логични, за природни. За тоа сме говореле и минатиот мандат, а еве сега имаме тука некоја конкретна фаза за која што разговараме.

Лично мене ме изненади текот на расправата и жестоките критики токму на овие елементи за кои што сметав дека за сите нас се логични и прифатливи. Се разбира, тука можеме секогаш да дискутираме и да најдеме оптимално решение, кое што на најголем дел од сите нас и од некои следни пратеници ќе им одговара во поглед на должината на траењето на дискусиите.

За мене лично 10 минути се доволни, обично по толку дискутирам во Собранието, само ретко кога повеќе од тоа, меѓутоа прифаќам дека не секој може слободно да се изрази за 10 минути. Затоа, сосема е легитимно да поразговараме околу тоа и да најдеме, како што реков, оптимално решение.

Јас сакам да им оддадам признание, пред се, и на колегите пратеници, но и на сите кои што и во минатиот мандат и во овој биле творци на некој начин на овој текст. Не е мала работа да подготвиш текст на деловник, а тоа е сепак еден обемен деликатен материјал и навистина давам признание за трудот што е вложен. Меѓутоа, вака како што е предложен деловникот, јас имам многу сериозни забелешки и затоа ќе се насочам токму на нив.

Моите забелешки се однесуваат на три работи. Прво, на концептот на работа на Собранието.

Второ, на статусот на пратеникот.

Трето, на употребата на јазикот при водењето на седниците на комсиите. Овие три прашања, е ми дозволите, ќе ги аргументирам со конкретни членови.

Што се однесува за конептот за работа на Собранието, сметам дека се прави една многу сериозна грешка. Имено, од повеќе одредби доведуваат до деградација на Собранието и до сведување на Собранието и разлевање на седумнаесетина работни тела колку што ќе има комисии Собранието. Тоа така не може да биде и така не треба да се дозволи. Јас  знам дека треба да се зајакне улогата на комисиите. Знам дека треба да им се даде значење и дека суштинската расправа во нијанси треба да оди преку комисиите и да биде разгледан најголем дел од законите таму. Меѓутоа, не смее да се забрани јавна расправа, пленарна расправа во Собранието на Република Македонија. Тогаш, Собранието го губи своето значење, својата смисла. А, тоа како решение е предложено конкретно во членот 155. Дозволете ми да го прочитам: “На второто читање на седница на Собрание да се води претрес само по оние членови од Предлог на закон што се изменети со амандмани на работните тела”. Практично, пратеник кој не е член на матично работно тело, не може да интервенира во законот. Целиот концепт е прилично проблематичен за мене, затоа што ја дерогира улогата на Собранието и на пратениците при носењето на законот. Јас разговарав и со пратеници од Бундестагот.

Јас сум читала извадоци од Деловникот на Бундестагот, меѓутоа, дозволете ми вакви одредби кои алудираат на ваков концепт, јас таму не најдов. Или нешто не е разбрано во тој Деловник на кој се повикуваат предлагачите или погрешно се толкува.

Значи, дефинитивно концептот на Собранието вака како што е предложен на работа на Собранието е нелогичен и тој би го уништил Собранието вака како што е.

Постојат и други концептуални проблеми кои јас морам да ги спомнам и кои се за мене неприфатливи. На пример, дека амандман може да поднесе само пратеничка група, тоа значи најмалку 5 пратеници или дека прво читање на некој текст можат да предложат минимум 15 пратеници. Тоа е неприфатливо. Тоа е практично одземање право на пратениците да дејствуваат, тоа е демотивирање на пратениците да бидат пратеници, да бидат активни. Пратениците не се гласачка машина само да се изјаснуваат, тие треба да бидат активно вклучени во процесот на предлагање, на иницирање законски текстови, на менување законски текстови затоа сме ние овде.

Што се однесува до концептот има и други аргументи зошто тоа не е добро. Значи, во членот 78 сметам дека е премногу рестриктивна формулацијата каде вели: Собранието не може да расправа по прашања за кои матичното тело или Законодавно правната комисија не зазеле став. Јас мислам дека дефинитивно треба да се овозможи поинаква ситуација затоа што во едно Собрание има различни ситуации, ние како пратеници дискутираме и дебатираме за најразлични ситуации во водењето на државата каде се случуваат секакви случувања и ние не можеме да се ограничиме исклучиво да мора комисија да заземе став. Сме имале и во минатиот мандат ќе имаме и сега ситуации кога комисија од разни причини не може да заземе став. Но, тоа не треба да го спречи Собранието во дискутирање за тоа, а на крајот при гласањето, се разбира во текот на расправата, пред крајот на расправата, пред гласањето може да се овозможи, да се инсистира на став од Комисијата. Но, тоа не е неопходно како што не беше ни до сега.

Понатаму, исто така сметам дека е премногу рестриктивен членот 79 кој вели при јавување за дискусија само во рок од една минута по отворање на претресот. Тоа е потполно неприфатливо. Што во случајот пратеникот да е оправдано отсутен во тој момент, мора да се предвиди можност за претходно евентуално пријавување на таков случај. Колеги, да не се доведеме во ситуација кога во минатиот мандат се броеа секунди во кои некој можеше да се пријави. Јас и тогаш сум реагирала и сум била против тоа, реагирам и сега на вакви одредби.

Нема потреба од таква рестрикција, тоа нема да води кон ефикасност на Собранието ние да се натпреваруваме во стискање, има ситуации кога пратеник во моментот можеби нема да биде тука, можеби ќе биде на комисија или ќе прима делегација, па е надвор во некоја соседна просторија, не може во таа една минута да се пријави. Зарем тој пратеник нема право да дискутира по законот. Јас се согласувам за дискусиите во овој контекст со претходната говорничка, со мојата колешка Валентина, тука практично имаме ист став.

Во врска со концептот врз кој треба да работи Собранието, мислам дека е премногу рестриктивен, непрактичен и ја менува суштината на Собранието како таква.

Мојата втора сериозна забелешка се однесува за статусот на пратеникот. За мене е неприфатлива формулацијата во членот 29 и 30 според која се вели: за оправдано отсуство на пратеникот од седница да се смета само болест и службено патување. Па, добро, колеги, па пратеникот ваквата формулација го сведува на државен службеник кој треба со картица, со потпис да доаѓа, да излегува од Собранието. Пратеникот има толку одговорна задача, толку одговорна функција што тој има нужда, тој има неопходност од комуникација со граѓани, со невладини организации, со експерти, па како ние ќе носиме став, како ќе добиваме сознанија каков став да завземеме по различни прашања, ние не сме експерти во сите области, а гласаме за сите области. Одговорноста е на нас. Со каква одговорност ние можеме да се изјаснуваме ако автоматски само гласаме. Пратеник не е гласачка машина. Дефинитивно тоа мора да се разбере. Јас почитувам дисциплина, јас почитувам ред, затоа реков, прифаќам дека треба да се регулира времетраење на дискусии, начин на пријавување, на дискутирање, меѓутоа, не со рестриктивни одредби кои го девалвираат и Собранието и пратениците како личности и како носители на толку високи функции.

За мене ваквиот третман на пратеникот е потполно неприфатлив и јас за оваа работа сум дискутирала и во минатиот мандат, сум имала дебати и со претходниот претседател кој на некој начин воведе пракса дека пратениците треба да се караат и да се казнуваат ако не се присутни. Ние треба да бидеме дисциплинирани, меѓутоа, треба да знаеме и некои работи што е дисциплина. Дисциплина е да си ги обавуваш своите обврски во рамките на пропишан код. Затоа сега кога го пропишуваме кодот треба да се избориме тој код да биде реалистичен, достоинствен и прифатлив. Затоа што треба да ни биде јасно дека дебатите и на другите парламенти низ Европа и низ светот се одвиваат во полупразни сали и тоа не е никакво чудо. Оној што има што да каже го кажува тоа, го соопштува на оние што се заинтересирани да го слушнат и на јавноста која е заинтересирана тоа да го слушне.

Меѓутоа, важно е да бидат присутни, да бидеме присутни во моментите кога треба да се изјаснуваме. Затоа се залагав, затоа е добро што во овој Предлог на деловник е предвиден ден за гласање, за да се знае дека тој ден треба да се обезбеди кворум. Но, за време на расправата нема зошто да се фрустрираме ако салата е полупразна, јас не треба да патам од тоа дали ќе зборувам пред полно аудиториум или полупразен, важно е да можам да го кажам она што сакам да го кажам.

Околу ваквиот третман на пратеникот треба да размислиме и да го направиме достоинствено и така да биде формулирано.

Третата сериозна забелешка се однесува на употребата на друг јазик во водењето на седниците на работните тела. Тоа е регулирано во членот 3, за мене е неприфатлив ставот 2 каде се предвидува дека ќе може седница да се води и на друг јазик на кој говорат најмалку 20% од граѓаните на ниво на Република Македонија.

Почитувани колеги, следејќи го Уставот, консултирајќи експертски мислења, следејќи ја мојата сопствена логика, во крајна линија, јас сметам дека тоа решение е надвор од Уставот и спротивно со одредбата во овој деловник каде се предлага.

Ако ми дозволите во ставот 1 на членот 3 се вели дека во работата на Собранието службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Тоа значи дека во службена употреба е тој јазик. Треба да правиме разлика помеѓу службен јазик и јазик на обраќање. Со Рамковниот договор што потоа се преточи во Уставот на Република Македонија се предвиде потребата на јазик на кој зборуваат над 20% од нашите граѓани во Македонија да можат да се обраќаат во Собранието. Тоа важи и на пленарни седници и на седници на комисии, целта е јасна, да можат послободно да се изразат, да можат да го следат текот на своите мисли, да бидат подобро разбрани од сите присутни во салата, меѓутоа, преводот кој оди преку Собранискиот канал директно до својот електорат на кој му се обраќаат. Тоа е полезно, тоа е ефикасно, тоа е пракса веќе 4 години и од тоа мислам дека сите можеме да видиме дека функционира.

Меѓутоа, доколку се води седница на комисија на друг јазик, тоа има друго значење. Не е работа овде дали некој разбира јазик или не разбира, дали му пречи или не му пречи. Мене апсолутно не ми пречи дали ќе го слушам од ова седиште истиот јазик, тоа е јазикот, не може јазик да ми пречи, а верувам и никому овде во Собранието. Меѓутоа, местото од кое место доаѓа одреден јазик, столчето, има друго значење. Едното значи обраќање, другото значи службена употреба и менување на концептот на државата. За да може некој да води седница на друг јазик освен македонскиот тоа значи дека на тој јазик треба да му биде напишано сценариото, тоа значи дека треба да има служби кои паралелно ќе ги водат сите работи на два јазика. Тоа е, почитувани

колеги, воведување двојазичност во Собранието. Колку што го читаме Уставот и колку разбираме, тоа не е идеата на нашиот нов Устав. Значи, во Уставот е предвидено дека Македонија е граѓанска држава, унитарна држава и службен јазик во Македонија и во меѓународна употреба е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Значи, ова е суштината. Не е работа само на обраќање, јазикот е ист кој од каде да се обраќа во текот на седницата, водењето на седниците на еден јазик подразбира комплетно претходна подготовка и последователно следење на седниците на два јазика, тоа е воведување на двојазичноста.

Мислам дека бев јасна, доколку некој има поинакво толкување, јас би молела да ми објасни, јас работите на ваков начин ги разбирам.

Околу јазикот би завршила со ова дека јазикот е значаен од два работи. Јазикот е еден од елементите на државноста и затоа секое посегање по промената на статусот на јазикот значи посегање по статусот и концептот на државата. Тоа се многу сериозни прашања и ние немаме право да навлегуваме во промена на уставни решенија преку еден акт толку низок колку што е Деловникот. Деловникот е и голема и мала работа. Голема како значење за работата на Собранието како највисок законодавен дом во земјата, меѓутоа, Деловникот е мала работа како акт кој е многу понизок од Уставот во правна смисла и дефинитивно не може преку него да се менува концептот на државата и третманот на јазиците во државата. за таква сериозна промена на Уставот би требало, претпоставувам, со референдум да се решава, а никако со ваков деловник.

Втора работа, јазикот во крајна линија е средство за комуникација, колеги, не случајно се измислени службени јазици и на ниво на држава и на ниво на меѓународна заедница. Затоа што службени јазици се одредуваат, тоа е работа на Конвенција, на договор, за службен јазик се одредува некој кој го разбира или го говори мнозинството од одредена популација, зависно на кои рамки се работи. Инаку, да не заборавиме дека уште Мисирков пред еден век кажал дека јазикот е средство со кое разбираме што мисли, што чувствува и што сака да каже другиот човек. Значи, тоа е суштината, тоа е битното ние да се разбереме и затоа не би сакала преку вакви прашања да внесуваме нови тензии во нашето меѓусебно живеење и комуникација затоа што верувам дека имаме многу конкретни работи за кои треба и за кои можеме да се договориме.

Значи, јас завршувам со тоа што гледајќи го сето ова велам основните работи за кои најмногу имаше забелешки опозицијата што се однесуваа на времетраењето на дисккусиите и на денот на гласање, за мене се прифатливи со тоа што инсистирам заеднички да ги договориме тие минутажи, да ги договориме тие процедури затоа што деловникот не треба да биде средство за наметнување некој да го чувствува како пранга на вратот. Реков позиција, опозиција, тие состојби се менлива категорија и затоа не треба никој да мисли од една или од друга позиција, треба реално да мислиме како ова Собрание поефикасно да функционира, а истовремено да си го задржи своето достоинство.

Овие работи ги сметам за прифатливи, сметав дека се потребни да се донесат, затоа ќе гласам позитивно за Предлогот за донесување нов деловник иако, да ви кажам искрено, јас повеќе би била да не носевме сега целосно нов деловник, бидејќи тој очигледно ќе ни одземе прилично време, јас имав предлог, го споделував со некои колеги и во Парламентот, имав предлог да одиме со измени на деловникот кои ќе се однесуваат стрикно на одредени проблематични подрачја и верувам дека така многу побрзо ќе се договоревме и ќе постигневме консензус на ниво на Парламент и ќе беше многу поефикасно, а ќе потрошевме време за некои други закони. Меѓутоа, тоа го дадов како предлог во писмена форма до претседателот на Собранието, веројатно немало повеќе такви мислења, така се отиде со Предлог за донесување деловник, јас ќе го поддржам во правата фаза Предлогот за донесување деловник, меѓутоа, во следната фаза ќе следам каков ќе биде текстот на деловникот и доколку и понатаму постојат овие одредби во деловникот кои се за мене сосема неприфатливи, јас, за жал, нема да можам да ја поддржам конечната верзија на деловникот доколку ги содржи овие елементи.

Само уште нешто сосема на крај, јас би сакала сите да имаме еден рационален приод во ова, не емотивен и да се обидеме да најдеме што повеќе точки на разбирање меѓу нас како пратеници, меѓутоа, и да размислиме дали не треба, во меѓувреме, да одиме со измени и дополнувања на деловникот, а деловникот како носење целосен деловник да го оставиме за едно подолгорочно разгледување затоа што мислам дека е прилично сериозна работа и не би сакала повторно турбуленции кои навистина не ни се нужни.

Овој пат говорев подолго од 10 минути, говорев 16 минути (реакција од пратениците не се 16 минути, туку се тоа 16,00 часот)

Ова беше подолго обраќање кое очигледно имало ситуации, јас не спорам, јас кажав вообичаено говорам по десетина минути, но има ситуации кога одам на тоа и токму затоа сосема е реално и човечки дајте да најдеме она што е оптимално за сите. Токму затоа го нагласив, можев да скријам, па да чекам како реплика да ми го кажете.

Ви благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има Лалчевска Ристана, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам. Не во смисла на реплика, едно појаснување еве како овластен предлагач ќе земам збор.

По однос на она што колешката Поповска го искажа во својот завршен краен збор за можноста да се одлучи за изменување и дополнување на постоечкиот деловник. Да, постоеше една таква идеја. Долго се разгледуваше можноста дали треба да се оди со измени бидејќи беа лоцирани доста слабости. Пратениците од минатиот состав тоа добро го знаат, еве сега што во моментов го говорам, значи јас како предлагач побарав збор и според постоечкиот Деловник имам право да побарам збор како предлагач и да добијам веднаш. Репликите на колегите треба да чекаат и после тоа некако губат смисла. Тоа е слабост и на сегашниот Деловник. Ние за ова сме се расправале многу пати. Меѓутоа, тоа се технички прашања кои можеа да одат со измени и во право е колешката Поповска дека нешто можеше да се поправи со измените. Меѓутоа, не можеше да се поправи со измени на Деловникот, концептот на работа на работните тела на Собранието. Бидејќи измените се многубројни, навистина, не ќе беше оправдано да се оди со измени и дополнувања, бидејќи примената на таквиот деловник, ниту ќе го изведеше концептот на работа на собраниските тела и немаше да ја заврши работата и да го изведе тој концепт до крај. Затоа, јас се убедив дека повторно треба да се оди со интегрално нов текст на деловникот кој ќе биде многу полесно да се применува, за да се расчисти токму ова прашање. Да се смени начинот на функционирање на работата на собраниските тела, тие да добијат пиедестал каков што треба да имаат.

Значи, најголемите дебати и сите прашања, главно да се расчистуваат и да се дебатираат во собраниските тела за на пленум да остане само она што не е расчистено како прашање на сите тела, за да може да се смени начинот, или да се воведе можност да се слушнат на комисиските расправи експерти од различни области по азлични прашања, бидејќи пратениците не секогаш се стручни по сите области, тие се само избрани да го дадат мислењето на граѓаните и да се расчисти односот Влада-Собрание, по однос на правото на предлагање амандмани, што овде завршуваат во Собранието, што е Владата како предлагач. Затоа се отиде на интегрален текст, кој верувам дека ќе се убедиме сите што е попрактично решение, токму за расчистување на ова прашање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Лалчевска,

Контра реплика од една минута има госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам,

Ова се повеќе дискусии во смисла на приближување на ставовите. Мојата главна забелешка се однесува за значењето на комисиите. Овој дел е добар со тоа што комисиите го добиваат своето вистинско значење. Меѓутоа, тоа не треба да значи раслојување и разграничување на Собранието како такво. Пленарните седници не смеат да исчезнат како една нормална категорија во ова Собрание. Мислам дека тие се сепак извонредно значајни.

**Бесим Догани:** Благодарам. Три минути реплика за пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Почитувана колешке, вашето излагање на сопственото видување на предлог деловникот за работа на Собранието, мене лично ми делува апсолутно контрадикторно. Ќе се обидам да ви објаснам зошто.

Истакнавте два проблеми за кои сметате дека постојниот Деловник ги содржи во својата форма. Како прво ја истанкавте неограниченоста и сметате дека неограниченоста на дискусиите доведува до опструкција и блокада на донесувањето на законот. Второ, според вас, она што е проблематично во сегашното решение е кворумот, за од друга страна пак да сметате дека во новиот Предлог деловник, вие лично сте се залагале да постои еден единствен ден за гласање. Тоа бил ваш личен предлог кога сте биле потпретседател на Собранието на Република Македонија. Од една страна, ова е ваша изјава, се залагате за либералност во Собранието, а од друга страна поддржувате ограничување на дискусиите на секој пратеник. Комплетна контрадикторност. Либералноста по дефиниција, почитувана колешке, подразбира демократичност. Демократичноста како капацитет подразбира отсуство на било какво ограничување. Секој од нас како пратеник мора да има можност, без ограничување на време, да го соопштува совјот став кон предлог на законот итн.

Според вас, почитувана колешке, ограничувањето на 10 минути претставува одлична подлога за да можеме ние да ги прифатиме новиот предлог деловник за работа на Собранието, а сето тоа во име, според вас, на либералноста или демократичноста. Како мислите да ни објасните дека се залагате за кворум односно за формализирање на предлогот ние постојано да бидеме присутни тука , а од друга страна предлагате само во еден ден да гласаме голем број амандмани или законски решенија.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика за госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам. Јас мислам дека вие кажавте прилично контрадикторни работи колешке Бендевска. Либералноста значи еднакви можности. Значи права и можности за сите. Демократијата подразбира ред, а не хаос. Така што тоа се познати максими. Инаку, никому не му пречеше во минатиот состав, ниту пак сега му пречи што има ограничување за репликите на три минути, на една минута за контра реплика. Инаку, претходно имавме хаос во изминатите 10-тина години во Собранието. Јас сум сигурна дека има одредено регулирање на времетраењето на говорите. Нема да значи оневозможување на искажувањето. И не ме третирајте погрешно, ве молам колешке. Јас не кажав дека 10 минути се одлична подлога. Јас кажав дека 10 минути не би

ми пречело. Меѓутоа, повикав да најдеме оптимално решение што ќе биде прифатливо за сите нас. Не инсистирам да бидат токму 10 минути.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика на вашиот говор има госпоѓиа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас ќе се придружам на мислењето на оние пратеници кои што сметаат дека излагањето на госпоѓата Поповска беше контрадикторно и тоа ќе го образложам со следните аргументи. Изненадува тоа што оддава признание на пратениците што го предложиле деловникот, заради тоа што тоа било исклучително голема работа, а од друга страна, од страна на предлагачот ни беше кажано дека тоа е текст предложен и напишан од експерти, користена трининг програмата и дека единствено што направиле пратениците потписници на деловникот е тоа што додале уште две нови одредби, кои се однесуваат на уптребата на јазикот на припадниците на заедниците кои што се најмалку 20% во Собранието и на денот на гласање. Сега прашувам, дали за овие две одредби мислеше госпоѓата Поповска кога зборуваше дека им одала признание на пратениците што го предложиле и што го напишале деловникот, зато што само овие две одредби се напишани од нив.

Од друга страна, ми е нејасно на која коалција припаѓа госдпоѓата Поповска, затоа што господинот Имер Селмани, кој што како потретседател на Владата прв ни соопшти дека ќе го менуваме Деловникот. Апсурдот да биде поголем вели во својата изјава Владата и коалициските партнери имаат позитивен пристап кон ова прашање кое произлегува од Охридскиот договор и е составен дел на Уставот. Конкретната реализација на употребата на јазиците ќе почне со измените во Деловникот, при што ќе се воведе употреба на јазиците во раководењето со собраниските комисии, а ќе важи и за потпретседателот на Собранието, ако тој припаѓа на заедницата која застапува 20%. Тоа е изјава на господинот Селмани. Договор помеѓу Владата и коалициските партнери. Јас навистина, се прашувам дали партијата на госпоѓата Лилјана Поповска е дел од Владата и од коалициските партнери на Владата. Доколку е, тогаш ова за нејзе би требало да биде апсолвирано прашање, согласно изјавата на господинот Селмани.

**Бесим Догани:** Благодарам,

Контра реплика има госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитувана колешке,

Јас за среќа не мислам дека припаѓам на една коалиција. Значи дека треба слепо да се покоруваш на директиви. Јас сум се борела за различен однос во рамките на една коалиција и заради тоа сум излегла од коалиција на која што сум припаѓала минатиот мандат. Тоа што еден коалиционен партнер има такво мислење и можеби и повеќето имаат такво мислење, тоа не ме обврзува и мене задолжително да имам такво мислење доколку ние како партија имаме таков став. ДОМ не се согласува да се менува службеноста на јазикот на Македонија и да се воведува друг јазик. За тоа сме се произнеле во други прилики, за тоа и јас сум се произнела и моите колеги од коалицијата тоа го знаат. Доколку ним тоа не им пречи, а јас не знам зошто вам би ви пречело мојот став и ставот на ДОМ.

**Бесим Догани:** Реплика од три минути има госпоѓа Благородна Дулиќ, или се јавивте за збор?

Во ред пријавени се за збор.

Бидејќи пратеникот Ќенан Хасипи не е тука, збор има пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани дами и господа пратеници,

Не знам дали човек воопшто да зборува, се двоумев, затоа што сите кажуваме заради ефикасно Собрание дека ни е потребен нов деловник. Овде, 15 пратеници од вкупно 71 пратеник кој ја подржуваат Владата се присутни.

Првиот ред, елитата на ВМРО ДПМНЕ воопшто не ги интересира што ние расправаме за деловникот на Собранието. Бидејќи немам таква моќ да наредам камерите да покажат кој каде е и како е, но навистина сум загрижен што владеачкото мнозинство кое сака да го донесе овој деловник, многу малку следи што се зборува за деловникот. И, не знам зошто таа одредба за казнување на отсуствата од седници. Јас, за неа воопшто не се плашам. По трет пат сум пратеник и видете ги извештаите за изминатите осум години кога сум бил пратеник. Ако не повеќе, меѓу првите 10 за редовност по присуство на седниците. Така што, не се плашам од тоа.

Но, таа одредба ја бараат оние кои најмногу отсуствуваат од седници. Можеби научија едно нешто, дека, ако си пратеник а не доаѓаш на седници ќе бидеш или премиер на државата или министер. Таквите пратеници, во изминатите години стануваа претседатели на Влади, стануваа министри.

Таквите пратеници кои што најмногу отсуствуваат, погледнете зад вас кога дискутираме, ниеден лидер од политичките партии кои што ја поддржуваат Владата не можете да го видите во овие клупи. Тоа беше по она воопшто дали да се дискутира, но се одлучив да дискутирам, за да го изнесам своето мислење кое што дел го кажав низ одредени реплики на одредени колеги пратеници, но сметам дека дел од работите треба да се дообјаснат, па не е лошо и да се повторат.

Прво сакам да го искажам уште еднаш мојот став, кој што го предложив на почетокот на оваа седница и барав одложување на седницата, односно на точката на дневен ред, воопшто да не се одржи оваа седница. Истото тоа го барав и на Комисијата за мандатно имунитетни прашања, но би таму тоа не беше прифатено.

Зошто барав да се одложи расправата по деловникот во Собранието, ќе ги наведам следниве причини.

Првата причина е политичкиот момент.

Дами и господа, деновиве, посебно од денес кога целиот свет, се што постои на оваа земјина топка од сите институции, организации се насочени како ќе се решава прашањето на Косово и за тоа се интересираат, имаме изјави од сите релевантни места, ние во Република Македонија пратениците, некој ни наметна да расправаме за деловникот и да се караме. Таа беше првата причина што ја побарав и на Комисијата за мандатно имунитетни прашања, зошто треба да се одложи и реков дека изнасилено, избрзано е расправата да ја водиме за деловникот.

Наместо денес или утре, по барање на Владата да имаме дури и затворена седница, за да видиме што нашите институции ќе превземат без разлика какво ќе биде решението за Косово, она што нас најдиректно не тангира во овој момент, бидејќи ние сме едни од најнепосредните заинтересирани за таа ситуација, ние ќе расправаме за деловникот.

Втората причина зошто барав да се одложи, сметам сеуште не е доцна да престанеме со оваа расправа е прашањето на нарушениот политички дијалог. Воопшто сега не зборувам кој е виновен. Тоа да го исклучиме. Но во овој момент кога ни е ваква ситуацијата во Република Македонија да расправаме за деловник, кој што претставува еден од најважните документи и прв документ во Собранието, за мене во најмала смисла на зборот е неразбирливо.

Што сакаме да постигнеме со ова? Сакаме да донесеме деловник кој што после тоа, ќе се испостави под притисок или не знам како, па ќе се преговара, ќе се разговара, ќе се менува. Сметам дека и тоа е една од главните причини зошто овој деловник не треба сега да го расправаме. Боже чувај за што расправаме ние овие денови.

Третата причина зошто не требаше да расправаме, да ја одложиме расправата. Имаме предлог за донесување на деловник, предложен од група пратеници, што е неоспорно право. Јас ги почитувам тие пратеници, бидејќи сакаат да се регулира работата во Собранието. Но, во таа група пратеници немате ниеден пратеник од опозицијата. Еве денес господинот Неждет го повлекува својот предлог.

Во таа група на пратеници немате ниеден пратеник од пратениците од Албанската етничка заедница. Ни од опозиција ни од позиција. Зошто ја ставаме главата како ној во песок. За што расправаме? Ако овде во Собранието, каде што му е местото не успеваме на тој план да постигнеме договор. Ако постои договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и партиите кои што ја поддржуваат Владата и ДПА, тогаш кажете ни кој е тој договор, велам хипотетички ако постои, за ние другите да знаеме и за тоа да расправаме.

Мене навистина, ми е чудно, бидејќи, пред се, овде сите ние сме политичари, професионални политичари. Ми е чудно, што пратениците од ДПА се јавуваат само на реплики кога ќе се спомне за јазикот, воопшто досега го немаат изнесено својот став, се немаат потпишано за предлогот на деловникот и кај мене се отвара сомнежот, дали има искреност од страна предлагачите, или имаат нешто што кријат од нас, па ние потоа треба да го дознаеме. Тоа не не води надвор почитувани колеги пратеници.

Четвртата причина која исто така ме наведува на моето размислување дека не е време за расправа по овој деловник е една од причините која што ја кажав во една од репликите на господинот Зашов. Таа иста причина ја изнесе и госпоѓа Поповска, која што морам да кажам освен делот за ограничување на дискусиите, во се останато се согласуваме, но еве, и таа самата призна дека 10 минути се малку кога сакате да се искажете по битни теми. Тоа е причината. Не се работи дами и господа, дека се менува деловникот за работа на Собранието. Се работи за почеток за менување на уредувањето на Република Македонија.

Петтата причина зошто треба да престанеме да расправаме по овој деловник е тоа што за овој деловник е Комисијата за мандатно имунитетни прашања. Оваа Комисија за овој деловник расправаше во петокот на седницата закажана во 10,00 часот, а во 11,00 часот имавме седница на Собранието и ние за еден час донесовме одлука, односно донесоа тие што изгласаа дека деловникот ваков каков што е може да биде на расправа во Собранието на пленарна седница. Па нели се залагате дека целокупната работа ќе се пренасочи на работните тела во комисиите. Матичната комисија која што е најповикана за овој документ за кој што сега расправаме, расправаше еден час.

Заради овие пет причини, дами и господа, предлагам, тоа вие од парламентарното мнозинство не го прифативте, да ја одложиме расправата, да расправаме за економските закони и овој деловник да го донесеме во една мирна релаксирана атмосфера, атмосфера во која што сите пратенички групи ќе можат релаксирано да го дадат својот придонес.

Таков придонес можеме да имаме само при крајот на мандатот. Не дали сега сакаме или не, сега сите сме помалку или повеќе оптоварени строго партиски. Иако, ние овде, ајде да бидеме отворени, се повикуваме дека нас не избрале сите граѓани, ќе одговараме пред сите граѓани и ќе ги заштитиме интересите на сите граѓани. Не. Сите тргнуваме од партиските интереси, затоа што нашите апртии имаат платформи, а што еполошо сите робуваме на лидерите на политичките партии. И овој Деловник е Деловник на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и на никој друг. Затоа што, нему во овој момент му одговара ограничување на дискусиите, на него во овој момент му одговара во овој Парламент да не се расправа, на него му одговара Парламентот да е

виновен за се. Тоа одговараше на сите влади во овие изминати 15 години, е, дами и господа, јас со тоа не се согласувам. Парламентот не е винвен за се во оваа држава.

Второто прашање или втората теза која што се наметнува во расправата е дали расправата по Деловникот ќе биде косnтруктива или деструктивна и деструктивна е онаа расправа, која што не се расправало по членовите во Деловникот, туку се расправало политички. Јас сакам да расправам по Деловникот политички. Бидејки, со овој Деловник не се регулира само работата на Собранието. Со овој Деловник две работи се најглавните во Деловникот кои што се за расправа. За сите други ќе се договориме, но за две работи не можеме да се договориме. Тоа се две работи кои што задираат директно во политичкото уредување во Република Македонија.

Прво е прашањето на јазикот и второ ограничувањето на дискусијата. Прашањето за јазикот директно задира во уредувањето на Република Македонија. Тоа е политички прашање. Тоа е прашање околу кое што треба да разговараме. Не може да го решаваме низ Деловникот. Јас сум спремен за разговор, секој си има свои ставови, но на ваков начин, на мала врата тоа да се протурка, тоа не може, тоа е недозволиво. По тие две прашања, дами и господа, опозицијата и владеачкото мнозинство и дел од пратениците во владеачкото мнозинство се азликуваме дијаметрално. Околу другите прашања можеме да разговараме. Овде имаше дваесетина дискусии. Зошто отворено не излезе некој одо предлагачите и да каже дека ние предлагаме, да знае и макеоднската јавност, до сега никој тоа не сака да го каже, туку ова е Деловникот што го предлагаме, туку да излезе некој од предлагачите и да каже, да ние сметаме дека комисиите треба да се водат на албански јазик. За тоа, господо од опозицијата треба да разговараме. Ние бидејки не прогласивте за предавници, отворено кажавме дека Тетовскиот универзитет треба да се отвори. Отворено овде предложивме закон и за тоа прашање дискутиравме. Не бегавме од тоа. Е, сега, дами и господа прашувате зошто се враќам на тоа. Се враќам, заради тоа, штом излезам од оваа врата колегите рпатеници од ВМРО-ДПМНЕ ми велеа предаваник. Убаво се сеќавам на онаа расправа што траеше цела ноќ. Некаде околу еден часот по полноќ во Клубот на пратениците, можеби некому ќе му звучи досадно но ќе кажам. Иако, скоро никогаш не ги пренесуваме тие разговори, бидејќи на крајот на краиштата ние сме сите добри пријатели, овде колеги. Околу еден часот беше донесен бурек од некоја од бурекџилниците во Скопје. Сегашниот премиер господинот Никола Груевски со елитата на тогашното ВМРО-ДПМНЕ, Силвана Бонева, Илија Китаноски и другите тогаш не беа во таа елита, седеше во еден ќош во тие клупи и седевме еден до друг и ме повика за бурек. Ми постави едно прашање кое што многу ме замисли. Ми рече, господине Најдовски, дали со чиста совест ќе гласате за Тетовскиот универзитет и дали од душата тоа ви доаѓа. Навистина, тоа ме замисли. Во нашиот разговор му кажав дека до крај не сум расчистил, но во една работа ког анекој отворил некаде пат, кога нешто кое што постои со години не се успеало на инаков начин да се регулира, сега јас ќе гласам за тој закон. Тие колеги кои беа околу него ми рекоа дека го воведувате албанскиот јазик, почнувате да бидете предавници на Република Македонија. И, можеби беа во право. Е, сега се прашувам јас каде се тие исти колеги да разговараме за оваа иста тема отворено, како што ние што седевмо до 5,00 часот наутро овде за таа тема да разговараме отворено, а и сега да разговараме отворено. Зошто се крие и зошто на мала врата се сака да се смени она што не е дадено со Уставот. Тоа, дами и господа, не може. Тетовскиот универзитет беше даден со Уставот, можноста да се регулира на тој начин, а ова не може.

Следното прашање е околу прашањето за, само уште нешто околу јазикот, денес слушам од некои колги од владеачкото мнозинство, мултикултурно општество, мултикултурна држава, мултиетничка држава. Пред 1998 година тоа некој да го спомнеше од колегите од ВМРО-ДПМНЕ илиод некои други, па не знам што ќе беше со него. Тој од партија ќе беше избркан првиот ден. Сите ние тогаш бевме предавници.

Втората работа, ве молам без дофрлување господине Грозданов, ако сакате ќе реплицираме, ќе зборуваме и Уставот вие кога бевте мнозинство го сменивте. И вие воведовте албански јазик за да се зборува овде и првата седница не ги ставаа слушалките вашите колеги, дури втората седница, а вашите колеги го донесоа. Ве молам, спремен сум за се да разговараме.

Следната работа е околу ограничувањето на дискусијата и затоа велам политички треба да разговараме за Деловникот. Тоа е директно според мене засегање во слободата на говорот и изразувањето од страна на пратениците. Тоа е нарушување на основното право на пратеникот и затоа е политичко прашање. Ние не можеме за ова прашање да зборуваме технички дали ќе биде 10, 15, 20 минути или не знам колку. За ова прашање треба политички да зборуваме и политички да се договориме. Ако тоа не го направиме, се останато тогаш ќе биде диктатура. Морам да ви кажам дека јас сум ги разгледувал своите дискусии, ретко се случувало да дискутирам повеќе од 20 минути и во овие 10 години имам 9 или 10 дискусии кои што ми траеле меѓу 40 и 45 минути. Но, морам да ви кажам и следното. Некогаш долгото говорење дава и резултати. Колку да не ми беше драга, но дискусијата по територијалната организација во Република Македонија покажа дека опозицијата тогашна успеа додека траеше расправата за 14 дена од таму не знам колку потписи до тогаш имаа собрано 20 до 30 илјади потписи, да стигнат до 150 илјади потписи и да стигнат за

референдум. Значи, позитивно беше долгото зборување. Можеби тоа беше позитивно и за Република Македонија, времето ќе покаже. Според мене, не беше, но можеби тоа вреди. Сега, на некој долгите зборувања им сметаат. Не, во најмала рака тоа нее коректно. Недостасува во тој член, мислам дека е 85 кој е за ограничување на дискусијата уште една реченица, ако веќе го изгласате вака во втората фаза допишете ја дека пратеникот може да ја достави писмено својата дискусија до претседателот на Собранието и ќе влезе во собраниските документи. Такви реченици имаше на сите конгреси на поранешната Комунистичка партија на Сојузот на Комунистите. Таа реченица додадете ја за да може пратеникот зошто да зборува, најдобро е што ќе си напише еден текст, ќе го достави до пратеникот и нема потреба пратеникот да зборува. Си имаме Влада, таа си диктира за се и нема потреба од пратеник да доаѓа на работа.

Главната причина која што предлагачите и подржувачите на овој Предлог на деловник ја наведуваат е ефикасноста, со новиот Деловник ќе се зголеми ефикасност на Парламентот за донесување закони кои што ќе бидат усогласени со Европската унија.

Дами и господа, колку закони во ова Собрание ни седат сега моментално кои што значат усогласување со Европското законодавство? Ни еден. Ни еден закон моментално во Собрание немаме. Имаме неколку измени во закон, кое што намерно владеачкото мнозинство не сака да ги стави на дневен ред, затоа што за сите нив повеќе од половина час нема да расправаме и кои што и тие веднаш ќе ги елиминираме. Нашиот проблем е диктатот да расправаме за празниците, да расправаме за Деловникот, да расправаме за не знам кои небитни работи и затоа сега кажуваме неефикасно е Собранието. Овој парламентарен состав од сите досегашни состави работел најмногу непрекинато во денови. Но, овој парламентерен состав до сега донел најмалку закони за своето работење од сите досегашни парламенти. Јас го реков тоа во репликата. Проблемот сме сега ние пратениците? Не, дами и господа, проблемот е во оној кој што раководи со Собранието. Проблемот е во оној кој што ја диктира работата во Собранието. Сите досегашни претседатели со уште полоши деловници успеваат да ги носат законите, успеваа да донесат Устав на Република Македонија, да конституираат држава, успеваа да донесат најважни закони, а сега во овој состав не може. Не може, заради тоа што некој надвор од овој Парламент така сака да биде. Ако вие сакате тоа да го прифатите, прифатете го.

Уште еден аргумент сакам да посочам дека нема да се зголеми ефикасноста со овој Деловник, со што ќе се приближиме до Европската унија и дека вината не е во Парламентот. Три главни прашања нас ни се поставуваа зошто се закочи нашиот интегративен процес со Европската унија. Првото е корупција, второто е судски реформи и третото е политички дијалог. Политичкиот дијалог е изместен и не се води овде во Собранието. Ние пратениците за тоа не сме виновни. Корупцијата не е овде меѓу пратениците. Откога пратениците станаа професионални политичари, кажете ми еве и сега против кој пратеник што бил од минатиот состав се покренало било што за коруптивноста. Сакаме ние сосила да кажеме дека пратениците се корумпирани. Со што ќе корумпираме ние, со тоа што ќе му дадеме ливчиња за некои закони што ни ги доставуваат овде во Парламентот. Тоа значи дека тоа прашање не е овде во Парламентот и тој проблем не е овде во Парламентот туку е надвор од Парламентот.

Третото прашање се судските реформи. Она што беше надлежност на Собранието, донесувањето на законите, донесување на целокупната регулатива, ја завршивме. Остана уште Судскиот совет, кој што треба да биде предложен од овде и тоа е резултат на тоа што нема постигнато дијалог и заради тоа што се сака да се стават партиски луѓе. Инаку, се друго што е во рамките на овој Парламент поврзано со нашите Евроатлански интеграции, пратениците го завршиле. И, сега, некој за својата незавршена работа сака да ја префрли критиката на пратениците. Можеби, колеги од ВМРО-ДПМНЕ тоа ви изгледа чудно, но барем малку поверувајте, затоа што сум го искусил тоа. Затоа што, како што кажа овде некој од колегите кога јас ќе излезев на улица вели Владата ви беше корумпирана. Тие не гледаат никого, гледаат дека и ние сме ја подржувале таа Влада. Ова ви го кажувам како едно искуство за да го знаете.

Парламентот ќе биде ефикасен онолку колку што од страна на Владата ќе му бидат предлагани ефикасни закони, закони кои што ќе имаат децидни одредби, закони кои што ќе не водат кон Европска унија. До колку во Парламентот се сервираат закони кои што нема да имаат врска со Европската унија, овој Парламент нема да биде ефикасен. А, ние како пратеници колку да сакаме да кажеме дека ајде пак ние пратениците да предлагаме закони, тоа не можеме да го направиме. Ние можеме да предложиме една до две измени од некој член од некој закон, не затоа што не сме паметни, заради тоа што немаме основни услови за тоа да го нарпавиме. Цели екипи работат во министерствата, па имаат одредени грешки кога ќе ни ги предложат, а ние овде пратеници кои што немаме ни своја сопствена канцеларија каде да седнеме и да напишеме една страничка, ќе сме предложеле закони. Што значи дека овој Парламент ќе биде ефикасен толку колку што Владата и министерствата ќе ни предлагаат закони кои што ќе бидат за решавање на секојдневнитре проблеми. До колку ни се предлагаат и ни се наметнуваат теми кои што значат само политичирање на состојбата, тогаш овој Парламент нема да биде ефикасен.

Прашањето околу договорите помеѓу партиите. Јавно сакам да кажам, може СДСМ и ВМРО-

ДПМНЕ да се договорат што сакаат, но тој Деловник таков што ќе го договорат тие ако не одговара на останатите политички партии и пратеници ко што се овде, нема да помине. Заеднички имаат 60-тина пратеници. Што со останатите 60 пратеници. Затоа, сметам дека за Делвоникот треба да се договараме овде. Овде е местото во Парламентот и овде ако постигнеме сите договор тој Деловник ќе го изгласаме. Јас ве уверувам дека нема да можете да донесете Деловник ваков каков што е не со закана, туку со демократски средства. Иако сме 5 пратеници од Либерално демократската партија, ве убедувам дека нема да дозволиме ваков Деловник со демократски средства да се донесе, ако останат овие две одредби околу јазико ти околу ограничувањето на дискусиите. Затоа, ви предлагам повлечете ги двете одредби за употреба на јазикот и за ограничување на дискусиите и тогаш во една порелаксирана атмосфера ќе можеме да разговараме за Деловникот. Сето друго, еве денес имавме прилика да чуеме, а и вчера имавме прилика да чуеме и пратеници од парламентарното мнозинство не се согласуваат со дел од тие одредби. Затоа, повелечете ги овие одредби за да можеме релаксирано да расправаме и да донесеме Деловник како што треба.

И овој Деловник, ќе завршам со тоа, овозможи да донесеме илјада акти, околу 480 до 500 закони за изминатите 4 години. Или што би рекле дека не е Деловникот проблем за состојбите во Република Македонија, проблемот е во некој друг. Или една реклама на една од телевизиите малку извртена, не е проблемот во зачинот, пробелмот е во мајсторот, како ќе раководи мајсторот, таков Парламент ќе имаме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика има пратеникот госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Димеска Катериа:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Би сакала на кратко да реплицирам на почитуваниот коелга Слободан Најдовски во дел од неговото излагање.

Како прво, во излагањето тој кажа дека елитата на ВМРО-ДПМНЕ не ги интересира за што работиме и за што денес расправаме. Тука го демантирам и ќе кажам дека и тоа како не интересира точката на дневен ред и расправата по однос на Предлогот за деловникот е многу битно прашање, за кое што ние претставниците на парламентарното мнозинство сме сериозно заинтересирани. Почитуваниот колега кажа јас лично за мене не се плашам за присуството заради некои одредби кои се предвидени со новиот Предлог на деловник, затоа што тој бил присутен на седниците на Собранието.

Почитуван колега и јас за мене не се плашам, меѓутоа, ова прашање треба да го поставät сите 120 пратеници. На нас како пратеници обврска е да бидеме овде во Парламентот и да расправаме по точките кои ги имаме на дневен ред.

Во неговото излагање исто така кажа неколку причини заради кои лично смета дека има потреба од одлагање на оваа точка, една од причините за кои се произнесе беше околку ограничувањето на дискусиите на 10 минути и во тој дел би сакала да го демантирам. Ова ограничување се става се со цел да се постигне ефикасност на работата во Парламентот затоа што, почитуван колега, верувајте дека им досадивме на нашите граѓани расправајќи по одредени точки, дискутирајќи овде со часови, а конкретно ништо да не кажеме, со оглед на нашето ограничување сите ќе бидеме обврзани да подготвиме концепт пред да настапиме со нашето излагање и затоа ценам дека ограничувањето на 10 минути е оправдано.

Исто така се произнесе дека сите сме заложници на сопствените лидери. За жал, јас така не се чувствувам во сопствената партија, можеби тоа се однесува за него ако така се чувствува во својата партија.

Уште нешто што би сакала да потенцирам за крај, се произнесе дека имаме најмногу непрекината работа во денови овој парламентарен состав, да почитуван колега и јас се согласувам, а најмалку донесени закони. Тоа почитуван колега Најдовски повторно зборува за неефикасно досегашно работење и од тие причини ценам и потенцирам дека ограничувањето во дискусиите е точно во таа насока. Ефикасност и конкретност во нашите дискусии и нашето работење. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Добро, дел од работите на кои сакаше да ми реплицира ги потврди, можеби ве навредив, извинете, кога реков елитата на ВМРО-ДПМНЕ мислев само на првиот ред, бидејќи ги немаше, но добро, штом сте вие во елитата на ВМРО-ДПМНЕ,се извинувам ако ве навредив. Тоа за робови на лидерите штом не се чувствувате такви, кога ќе одите во Прилеп кажете им дека лично вашиот став е за воведување на албанскиот јазик во Парламентот, а партијата не мисли така, дека вие лично се залагате за тоа и тогаш ќе ви верувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам.

Господине Најдовски вие знаете дека ДПА беше определена и има целосна согласност да имаме измени во Деловникот, затоа што ќе имаме злоупотреби во дискусиите овде во Парламентот.

Вие знаете дека ние излеговме со став дека се додека на 60 милиони германци ќе им одговараат 5 или 10 минути да говори еден пратеник во Бундестагот може да му одговара и на еден пратеник од Македонскиот парламент со 2 милиони жители да говори 10 минути и да биде многу јасен во неговото излагање.

Но, вчера ви укажав дека вашата парламентарна група се забележа со амандмани по Законот за полиција кога десет дена не државте со вашите амандмани на госпоѓа Роза Топузова Каревска злоупотребувајќи го ДУИ. Ние треба да продолжиме со ваков начин на работа? Овој деловник кој е предложен е во согласност со стандардите на Европската унија како што е Словенија. Немојте да правите временски паралели. Вие не испаднавте од Владата затоа што се излажавте во ДУТ, вие испаднавте од Владата бидејќи имавте корупција и криминал. Донесовте тешка економска состојба во земјата. Колку негативна агенда имаше во вашето владеење. Вие треба пред граѓаните да зборувате за актуелната власт дали ги злоупотребила јавните фондови, дали има криминал, дали има негативен развој, дали Владата го злоупотребува Буџетот. Не можеме да продолжиме на овој начин со некои работи кои сакате да ги воведете и говорите, уште повеќе да правите парлели како што сте навикнале како опозиција и да правите поделба меѓу македонците и албанците. Напротив, треба да давате позитивни примери дека албанскиот јазик не е јазик кој ќе ја отежни меѓунационалната состојба, туку напротив, да с спроведе една уставна одредба или да се спроведе имплементација на Уставот на Република Македонија. Вие грешите и кога правите вакви паралели, правите поделба и уште еднаш треба да ви укажам дека ВМРО и ДПА не раководеа со Македонија колку раководеше СДСМ, вие и ПДП. Да се раководеше Македонија од ВМРО и ДПА колку што се раководеше од Бранко Црвенковски, Македонија денес ќе беше членка на Европската унија, да го знаете ова.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Матоши излегов на говорница за да се гледаме.

Вие мене не можете да ми спомнете ни “к” од корупција. Ни една буква од тоа. Подготвен сум со вас и со сите ваши раководители да излеземе каде сакате да зборуваме за корупција. Тоа е првата работа.

Втората работа што сакам да ви ја кажам, немојте да ја извртувате тезата.

(Дофрлувања од страна на господинот Матоши)

Јас ве слушав, дозволетеми да се доискажам.

Реков следното: зошто пратениците од ДПА, ДУИ и ПДП како пратеници од албанските етнички заедници нема ни еден потписник на Предлогот на деловникот за да можеме да разговараме. Јас не реков ништо друго, туку реков дајте да отпочнеме отворен разговор. Не сакам задскриено како што играте во овој момент заедно со ВМРО-ДПМНЕ. Немам никаков анимозитет кон никого, но сакам отворено да зборуваме.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Господине Најдовски, каде боли забот таму оди јазикот. Нормално е што ние пратениците албанци реплицираме кога се спомнува употребата на албанскиот јазик, бидејќи ова прашање не засега, но по се изгледа и вас ве засега, можеби најмногу минути од вашето излагање го концентриравте на употребата на албанскиот јазик. Зошто ви пречи употребата на албанскиот јазик, што ви недостасува сега токму во овој момент кога јас говорам албански. Што ве загрозува во овој момент кога јас зборувам на албански, ништо, се разбира. Ништо нема да ви недостасува и ништо нема да ве загрози доколку раководиме со комисиите и со седниците овде во Собранието на Република Македонија.

Во однос на тоа што велите дека мнозинството секогаш го употребува поимот мултиетнично општество, мултикултурно општество, ќе ви кажам дека Македонија е вака определена и со Уставот како мултиетничко и мултикултурно општество. Вие заборавате дека работите чекорат напред, дека работите се менуваат, се менува природата, се се движи, се менуваат процедурите и односите во општеството. Исто така се променија и меѓуетничките односи во Република Македонија. Вие настојувате да не вратите назад. Не господине Најдовски, враќање назад нема. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Кадриу, јас не реков дека вие го употребувате зборот мултиетничко општество, тоа воопшто не ми пречи. Видете во стенограмот, реков оние кои до 1998 година ќе не отепаа ако го спомневме зборот мултиетничко општество и мултикултурно, јас сум го употребувал, сега нам ни кажуваат што е мултиетничко општество. Не се однесува на вас од ДПА, воопшто.

Второто прашање, воопшто не ми пречи албанскиот јазик. Забележете, секогаш ги слушам сите дискусии, но ми пречи ако се смени државното уредување на Република Македонија со воведување на втор службен рамноправен јазик и создавање на бинационална држава. Тоа во овој момен е противуставно. Договорете се со ВМРО-ДПМНЕ и другите коалициони партии сменете го Уставот, јас ќе го почитувам Уставот. Во овој момент Уставот е ваков и јас ваков Устав почитувам. Воопшто ништо не ми пречи.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе,

Јас се извинувам на пратеникот Најдовски што не бев тука да ја слушнам целосно неговата

диксусија, но за тоа време додека бев издвоив две работи.

Првата работа каде кажува дека никогаш нема да се согласат со употреба на јазикот, што е решено во членот 3 и на ограничувањето. Мислам дека тоа го слушнав.

Јас и  вчера кажав дека пратеничката група на ЛДП ја има улогата, поради нискиот рејтинг што го има и поделбата во коалицијата во опозицијата, да напаѓа на член 3, за употребата на јазикот. Овде е само додадено пратеник кој зборува јазик различен од македонскиот, а кој го зборува најмалку 20% од граѓаните од Република Македонија може на седницата на Собранието и на седницата на работно тело да зборува на тој јазик и додадено е, ова е се исто како во постоечкиот и додадено е како и да раководи со седницата на работното тело. Тоа е додадено како плус кое ние како предлагачи уште на стартот кажавме дека само тоа е плус и плус е денот за гласање. Ние јасно и стрикно уште на старт кажавме кои се нашите размислувања во врска со ова. Прошлиот парламенарен состав една Комисија не одржа ни една седница, во овој парламентарен состав има три комисии кои ни една седница не одржале, поради тоа и која што доведува еден вид криза во функционирањето на тие комисии и кои што има апел од страна на одредени пратеници дека е потребно да се деблокира таа криза, ние понудуваме некое решение за да може тоа да се надмине. Ако имате вие некое друго решение фер и коректно е да го изнесете тоа решение за да може да се дебатира.

Во однос на уставноста на оваа одредба дали е уставно или не, дали ова решение е спротивно на уставниот амандман или не, ни јас ни вие не сте тие што одлучуваат за уставноста. Гарант на уставноста е институцијата Уставен суд господине Најдовски. Кога ќе се донесе ваква одредба и кога ќе стапи на сила Уставниот суд е тој што кажува дали ваква одредба е уставна или не е уставна. Ако не е уставна ќе биде укината од Уставниот суд. Јас сметам дека согласно уставниот амандман кој што е усвоен согласно Рамковниот договор се овозможува на овој начин да се регулира употребата на јазикот на комисиите односно на работните тела. И затоа во врска со тоа ни вие не можете децидно да кажете и да гарантирате дали тоа е уставно или не, тоа може само Уставниот суд.

Во однос на ограничувањето вас ви останува само на овој начин да правите маркетинг за својата политичка партија, затоа што до сега никогаш не сте понудиле никакви решенија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодрам.

Една минута контра реплика за пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Можеби најдобо е нападни некого, ако не можеш да се браниш. Околку решението кое што сте го понудиле, земете ја програмата на ЛДП 1998 година проверете ги вашите 100 чекори половината ви е препишана.

Околу првото дека го воведовте, во член 3 само се додава дека и досега била употребата на албанскиот јазик. Да, точно и првото го воведовте. Албанскиот јазик ви го воведовте сега го дополнувате и прашувате како агрумент го кажувате дека комисиите не можат да работа заради тоа што еден претседател го употребува албанскиот јазик. Го поставувам прашањето ако избереме претседател албанец на Собранието, а зошто да не избереме, ако тој не сака никогаш да ги води седниците на македонски, ги води само на албански јазик, тогаш значи ли дека ќе промените и во Собранието исклучиво на албански јазик, бидејќи тогаш ќе не можеме да водиме седница, аналогно на ова кое што вие го кажувате. Така господине Вељановски не одиме напред. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Околу рејтингот вчера господине Жерновски ви кажа, има лидери кои имаат 80% рејтинг, но сепак државите им се многу долу.

**Иван Анастасовски:** Господине Најдовски чесно тргнавте на вашето место.

Продолжуваме со реплики, три минути реплика пратеник Цветко Грозданов повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам.

Јас овој говор од господинот Најдовски ќе го поздравев да беше некаде 90-те години или 1996 година. Но, нештата тргнуваат уште од 1990 година навака малку накриво, и она што на почетокот се промашило благодарение на нивните политички партии и на партиите кои тогаш беа на власт, се спомна Социјалдемократскиот сојуз како едни од уставотворците да речам оние кои го правеа Уставот, немојте да мислите на оние кои ја создаваа државата, туку на оние кои го правеа Уставот, тие накриво почаа така што и ден денеска не може да се исправи работата. Дека ова е така ќе напомнам само дека вашата деструктивна дискусија уште на почетокот самите начнавте дека ќе сфати некој деструктивно или конструктивно се сведува на тоа што напаѓавте и кажувавте многу популистички методи внесувавте тука околу можноста за националното, па дали ќе сме речеме вака или ќе сме речеле поинаку, односно поточно дали ќе сме го употребиле зборот мултикултурни, мултиетнички, незнам како. Па ако се сеќавата ние и со таа преамбула која што ја ставивме во Уставот, толку многу мака видовме од вас самите што не знам, уште тогаш можеби ќе беше подобро да ја наречевме така. Затоа што сега ќе беше многу послободно и многу поинаку ќе размислувавме.

Околу отсуството од седниците и околу нашата елите, која што ја спомнавте напред, јас не се чувствувам за елита и мислам  дека ВМРО-ДПМНЕ сме таква политичка партија каде што нема многу елита, но од 5 пратеници во секој

момент да сте само двајца присутни значи голем број на елите имате кај вас. Значи тројца ви се од пратениците во самата елита. Па не би стравувале од редовноста и нормално е дека сето ова што е околу отсуството од седниците добро е да се стави во една рамка и регулатива во која што ќе можеме да кажеме дека ете како за мене, така и за вас, така и за вашата елита ќе важи да бидат присутни тука на седниците како и за нас. Но, сето тоа ќе беше добро ако се употребуваа термини кои што ќе беа малку подобри од она што вие самите го изнесовте, се караме за Деловникот. Јас овде не гледам никаква кавга, туку едноставно дискусија и дебата во која што треба да изнајдеме еден добар заеднички јазик со кој ќе можеме да го подобриме овој Деловник за работа. Вие многу малку се осврнавте на она што е деловникот за работа кој што е предложен. Да ги видиме раликите, да ги видиме вашите мислења и сугестии.

Она што е ограничувањето на времето, господине Најдовски ако се малку 10 дојдете ќе се договориме ќе ви дадеме 11, 12, минути, не е ништо спорно. Мислам дека се е цел на договор се она што ќе биде дали ќе биде 10 минути или пола саат за вас може да биде секогаш малку и малку, секогаш дискусиите се деструктивни и се вадите на тоа дека еве ние работиме, а Владата не работи, а напротив Владата работа, а ние не можеме да работиме.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика, пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

Колега Макрадули, полека не се вознемирувајте.

**Слободан Најдовски:** Може ли да почнам.

(Реакција од пратеникот Макрадули).

**Иван Анастасовски:** Господине Макрадули само реков полека не се вознемирувајте, продолжете една минута господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Може ли сега потпретседателе.

Господине Грозданов околу првиот дел тие што го носеле Уставот, тие што работеле на Уставот, на погрешна адреса многу ви е испратена репликата, затоа што мнугумина од тие сте сега заедно во коалиција и сега неводно заедно ја водите Република Македонија кон Европската унија, ним лично ќе им ја упатите таа забелешка?

Околу тоа дека не сум зборувал за конкретните забелешки, јас уште на самиот почеток кажав, дел од писмени забелешки имав доставено. Но, илузорно е да расправате за другите делови во Деловникот ако не ги разрешите овие две прашања, употребата на јазикот и ограничување на дискусијата. Се друго е за џабе, на нашински кажано, господине Грозданов.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам господине Најдовски.

Господине Поповски, вие бевте пријавен прво за реплика, дали сега сте за збор?

Има збор пратеник госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Мојата дискусија околу предлог-деловникот за работа на Собранието на Република Македонија ќе го започнам токму од постојното решение од Деловникот кое е пред нас и е во сила се уште.

Во предговорот на тој Деловник стои: “Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт се уредуваат со Уставот на Република Македонија и Деловникот”. Деловникот како основен акт за работа на Собранието претставува нормативна претпоставка за успешно и ефикасно остварување на функциите на пратениците, на работните тела и на Собранието во целина. Деловникот е конзистентен и рационален со јасно и прецизно утврдени норми со кои детално се разработени и уредени прашањата што се однесуваат на начинот на работата на Собранието и неговите работни тела во целост. Во овој Деловник глава 13 е насловена како: “Односи со Владата на Република Македонија”. Во глава 13 нормативно е уреден односот што Собранието на Република Македонија како Законодавен дом го има кон извршната власт кон Владата на нашата земја. Дозволете, согласно постојниот Деловник да ви го цитирам постојниот член 218 - “Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата на начин и постапка утврдени со Уставот и овој Деловник”.

Почитувани колеги, на 31 јануари, со неподнослива леснотија и отсуство на минимум политички, сценски и култура би рекла, Владата на Република Македонија до претседателот на Собранието достави свое мислење околу предлог-деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Како ова да го наречам, конфликт на интереси. Владата на Република Македонија заклучува дека го поддржува предлогот за донесување нов деловник на Собранието на Република Македонија и притоа, внимавајте, укажува на потребата одделни одредби од Предлогот да се дополнат, односно прецизираат. Владата бара 14 точки од Предлог-деловникот да мора да ги реконструираме согласно нејзините потреби.

Почитувани пратеници, за жал, ова е сериозен и многу застрашувачки од, да се донесе ваков деловник, за да се зададе последниот удар од демократијата, почитувани пратеници. Ова е сериозен обид да се креира атмосфера на хаос во работата на Собранието, се со цел, да се замолчи секој кој не мисли исто со него, со водачот, со орвеловскиот водач. Ова е орвеловско сценарио за вовед на диктатура на една политичка опција претставена од него. Вели, младиот, насмеаниот, медиумски преекспонираниот, нашиот водач Груевски.

Затоа, на Владата, или читај, на Груевски му треба, неопходен му е официјален документ кој институционално ќе му обезбеди мирно шефување со оваа земја. Нему не му одговара ова Собрание да му врши согласно Уставот и согласно Деловникот политичка контрола и надзор. Нему не му одговараат критики од страна на пратениците, кои ќе мавтаат со неговиот пропаднат проект, обоен во портокалова боја, наречен "Преродба во 100 чекори".

**Бесим Догани:** Ве молам госпоѓо Бендевска, немаме интерпелација на премиерот.

**Весна Бендевска:** Господине потпретседателе, од Владата добивме мислење околу овој деловник.

**Бесим Догани:** Во Деловникот пишува дека смеам да ги прекинувам пратениците кога не зборуваат по темата.

**Весна Бендевска:** Или кога ќе потпаднете под притисок на владеачката гарнитура.

**Бесим Догани:** Воопшто не се согласувам. За нашата посета во Германија можеме да ви одржиме едно предавање кога сакате, некој ден, не е проблем, имаме време. Ве молам, госпоѓо Бендевска говорете по претресот за Предлогот за донесување на деловникот на Собранието на Република Македонија.

**Весна Бендевска:** Токму за тоа и говорам.

Говорам за мојот личен страв дека се почесто и почесто ќе гледаме таква атмосфера. Кога опозицијата ќе ги изнесува своите ставови ќе биде брутално прекинувана од страна на владеачкото мнозинство, затскриена зад еден нормативен акт наречен Деловник. Токму за тоа говорам.

Владата на Република Македонија, би рекла Куќниот совет кој живее на "Илинденска" бб, предводена од Никола Груевски, се обидува во овој момент во Македонија да креира корејско сценарио.

**Бесим Догани:** Ве молам, немојте да зборувате од место. Госпоѓо Бендевска продолжете. Мислам слободно можете да говорите по мислењето на Владата. Повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Владата не достави мислење, почитувани пратеници. Владата налага Предлог-деловникот да биде изменет во 14 точки.

Јас апелирам до свеста и совеста на секој од нас, без оглед дали се работи за позиционен или опозиционен пратеник. Ние сме должни пред македонската јавност да направиме обид, да го спречиме упадот, Македонија да стане земја во која навистина, гради култ кон една личност, ќе се изгуби демократијата, особено во момент кога се очекува датумот за преговори за влез во Европската унија. Впрочем, вие и сами гледате, Брисел не само што ни удира шлаканици, ќе почне и клоци да ни удира. Македонија секој момент е се подалеку од Евроатлантските интеграции. Тоа е навистина мошне сериозно.

Почитувани претставници на Законодавниот дом, почитувани претставници на граѓаните на Република Македонија на нас е да ја штитиме демократијата во нашата земја, бидејќи во овој момент со одбирање на ваков тајминг, за донесување на еден ваков реструктивен нормативен акт, ние ќе се најдеме и ќе бидеме соочени со одземање на кандидатскиот статус на нашата земја, кој веќе почнува меѓу редови да се најавува. Ние сме соочени со обидот на младиот лидер Груевски, на водачот, да инсталира буквално во сите сфери на општественото живеење свои инструктори. Демократијата е процес кој не смее да запре. Нему му одговара стерилно, неефикасно, преоптоварено со тривијални законски проекти во ова Собрание. Некому му одговара цела енергија во Законодавниот дом да се троши на тривијални законски проекти, од типот средување на работно време, поместување на работно време, Закон за празници. Некому му одговара овој Законодавен дом да не ја врши својата работа, односно да не може да го спроведува сопственото видување, односно членот 218 од постојниот Деловник.

Доколку направите обид, а сигурна сум дека ќе го направите и ќе го донесете онака како што вам ви одговара, Собранието на Република Македонија ќе добие деловник, без легитимитет, без легалитет, без кредибилитет. А тоа ќе значи дека тој деловник практично ќе биде неприменлив и неефикасен. Вие, согласно ваше убедување, ќе донесете деловник со фабричка маана, со огромна хипотека. Вие се обидувате да донесете и протуркате деловник во моментот кога во Собранието не присуствуваат две опозициони партии ПДП и ДУИ. Вие се обидувате да не маргинализирате и нас СДСМ, како најголема опозициона партија, особено во моменти на комплетно отсуство на политичка волја, на политички сенс, чувство на одговорност, на маса да се дискутира и дебатира во присуство на сите релевантни политички фактори на нашата политичка сцена, која мора да биде во организација на владеачкото мнозинство, кој всушност го добил мандатот да го организира и политичкиот живот во нашата земја, околу клучните политички прашања, кои се од национална важност.

Заради вкупната сериозност на вашиот веќе јасен и прочитан момент СДСМ и излезе и предложи и иницира заживување на политичкиот дијалог во Република Македонија, бидејќи на Република Македонија и е неопходен ваков дијалог, за да бидеме сметани за сериозна држава и да создадеме поширока поддршка и континуитет и атмосфера за да можат да продолжат реформските процеси, кои ги започна минатата влада.

Политичкиот дијалог, неговиот резултат и квалитет влегуваат во секој извештај, во секој мониторинг на Европската комисија, а со тоа се одредува и брзината на нашата европска и евроатланска интеграција. Успешниот политички дијалог на граѓаните ќе им гарантира стабилност

на политичките процеси и можност за подобрување на економската состојба.

Пратеничката група на СДСМ, јасно го искажа својот став околу Предлог-деловникот кој ни го нудите.

Ние очекуваме промена на деловникот со кој ќе се овозможат поголема ефикасност, подигнување на демократскиот капацитет на Собранието, поголема контрола врз работата на Владата на Република Македонија, читај, прв Груевски, поголем квалитет во донесувањето на законите и баланс помеѓу ефикасноста и квалитетот.

Пратеничката група на СДСМ јасно и децидно очекува промената на Деловникот да нема за цел, бидејќи нема да дозволиме, односно нема да учествуваме во вашата политичка фарса, со која имате за цел од Парламентот да направите гласачка машина. Парламентот да биде сервис на желбите на Владата на премиерот Груевски и Парламентот да биде исклучен од предлагање на квалитетни законски предлози во Република Македонија.

На крајот, предлагам на инвентивниот млад премиер, авторот на најновиот проект, деловник на Собранието на Република Македонија, бидејќи очигледно не штеди на своја медиумска промоција, па кога веќе се јавува како автор, нека има и своја потпора за тоа. При донесувањето на новиот ваков рестриктивен деловник да го спакува овој пат не во портокалова боја, туку во оригиналната матична црвена боја на ДПМНЕ и со црни букви да го наслови деловник во 100 сопки за демократијата во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Јас морам да дадам објаснување зошто ве прекинав. Имаше многу говорници од опозицијата, никој не го прекинав. Можам да ви кажам и членови по кои спореа, кои не им се допаѓаа. Но во вашиот говор неколку пати вие се обидувавте да направите интерпелација за работата на министерот, а од друга страна до крајот повторно имаше реакција од пратениците бидејќи не го користите полното статутарно име на некои партии, што е исто така ваша грешка.

Јас се извинувам што морав да ве прекинам, но тоа е тоа.

Вие госпоѓо Дулиќ Благородна имате ли реплика? Повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам потпретседателе.

Има една француска поговорка вели: “Културен е оној кој што и со некултурните се однесува културно”. Па ќе се обидам јас во дадениот момент навистина, заради Домот каде што се наоѓаме да го сочувам достоинството на истиот начин да одговорам онака како што доликува дека треба да се одговори и да се водат расправи во овој Дом.

Очигледно е дека колешката има фобија од Владата. Меѓутоа, мора да се знае дека е тоа Влада на Република Македонија, дека тоа е Влада на сите нас. Дека таа Влада ние може да ја критикуваме и сме должни тоа да го правиме, онаму каде што има место за тоа. Меѓутоа, секој говор да го користиме за да се напаѓа таа Влада, за да се напаѓа директно премиерот, тоа навистина, не можам да го сфатам.

Од друга страна, ако некој од страна слуша со каква тежина се изговараат тие зборови, со каква сериозност, со каков речник, навистина ќе се дојде до некој впечаток дека колешката зборува големи вистини, меѓутоа, ако се навлезе во суштината на она што го кажала, ќе се види дека се тоа празни зборови. Каде се слушнало тоа дека ние треба да бидеме изолирани во државата во односите со Владата и дека Владата не смее да даде мислење по однос на проекти кои што се на дневен ред на ова Собрание. Каде тоа се слушнало? Каде може да се каже дека Владата не смее да каже дека наредниот чекор во законодавната активност, односно работата во Собрание не е онака како што треба да биде. Зошто и ние да не трпиме критика, ако навистина таа критика е основана. А е основана во одредени моменти. Ние не сме оперирани од критики, ние сме сите и Владата и Собранието и министрите сите поединечно и судовите и судската власт, сите сме во служба на народот. И тоа не треба да се заборави дека ние, нашата моќ ја црпиме само до граѓаните на Република Македонија и од никој друг. Ние не сме сами за себе обде и да постоиме сами за себе.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Значи, согласно пратеничката Дулиќ можеме да очекуваме дека во Предлог деловникот нема само да го ограничите времето на дискусиите,туку ќе направите обид да ни сервирате и содржина на нашите говори. Претпоставувам дека вашето поимање на демократијата госпоѓо Дулиќ е токму таква. Вие најдобро знаете, претпоставувам дека Владата може да дава свое мислење околу законски проекти кои се на дневен ред во Собранието на Република Македонија, но не и за нормативниот акт како што е деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Токму и затоа го цитирав членот 218. Ние сме контролори на Владата, а не Владата да биде контролор на работата на Собранието. Тоа е токму она за кое говорев, обидот на Владата да го контролира Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика на вашиот говор има пратеникот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас навистина сум зачуден што е тоа што се случува во Македонското Собрание. Претходните неколку денови бев службено отсутен од земјата и не можев да ја следам во детали дебатата која што се случувала, меѓутоа јас претпоставував дека тука се води дискусија за Нацрт деловникот односно за она што треба да се размислува во овој период. Меѓутоа, има и втора фаза каде

процедурите се знаат, амандмани итн. Според мене, денешната дебата требаше да биде сведена на тоа да се кажат кои се забелешките, да се образложат и да се предложи зошто ставот на опозицијата е подобар. Ако имаме проблем по неколку точки, не знам дали дискусиите да траат 10 минути или да траат 22 минути. Дали да имаат право да се пријавуваат во рок од една минута или во рок од пет минути. Не знам други забелешки кои што ги има опозицијата, поради тоа што денес не успеав да ги чујам, освен напади против Владата и против Собранието, тогаш тоа е здрава расправа и тоа е дијалог во Собранието односно во институциите таму каде што навистина треба да биде дијалогот. Тоа е начинот на кој што можеме да дојдеме до решение. Ние тука слушаме и веројатно сте слушале претходниве неколку дена напади само против Владата. Тука нема никакви дебати за Собранието. Значи, ставот на СДС за мене е апсолутно нејасен. Прво, не прифаќаа нов деловник, тоа беше пред еден месец или пред два месеци. Второ, прифаќаа деловник, но 2010 година да се стави во фунција и трето, прифаќаат и сега во некоја полуформа, најавија дебата, но без ограничени дискусии. Тука навистина ме буни и не го знам ставот на СДСМ, но на крај само би прочитал како во Европа тоа функционира. Значи, во Данска ограничувањето е на пет минути, во Полска на 10 минути, во Албанија на 10 минути, во Хрватска ограничувањето е на 10 минути, во Србија на 10 минути, во Франција 30 минути, за пратеничка група има право да зборува координаторот плус 2 пратеници. Во Италија ограничувањето е на 20 минути, во Шпанија на 10 минути, во Грција на 8 или на 10 минути, зависи од редоследот на јавувањата. Значи, ова е сосема нормална работа, која што функционира секаде во Европа, а ние правиме паника од сето тоа. Причината е во сето тоа навистина јас и претходно денес кажав дека рејтингот на Собранието како институција, не во овој состав или во претходниот состав или во три состави претходно е на ниско ниво во споредба со другите институции. Тоа е факт, поради тоа што граѓаните гледаат дека тука многу често се прават политички злоупотреби. Тоа е тоа што и СДСМ го прави во последниве неколку дена.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димевски, контра реплика од една минута има госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Господине Димевски, убаво си поминавте во странство и тешко ви оди адаптацијата на собраниската работа. Инаку, ќе знаевте дека во тек е првата фаза од донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието односно дебатираме околу потребата за донесување на нов Деловник. Во овој момент односно момент кога одсуствува политичкиот дијалог, момент кога Република Македонија и ова Собрание се наоѓа во сериозна криза. Меѓутоа, да ви дадеме време, адаптирајте се, ќе дебатираме и сигурна сум пред нас е времето, а се со цел да донесеме нов квалитететен европски деловник за работата на македонското Собрание. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика од три м инути има пратеникот Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Колешке Бендевска, ова беше типичен пример на говор кој што е вон денешниот редослед на нештата кои што треба да ги дискутираме. Во прилог на ова погледнете си го на мир стенограмот за што денес дискутиравте. Јас мислам дека ова е уште еден патоказ кој што треба да ни укаже дека под итно треба да ги скратиме дискусиите на едно разумно ниво, 10 или 15 минути ќе биде, ќе се договориме за тоа. Меѓутоа, да се излегува од темата вака драстично, вака нелогично, па овие пет месеци ние се изнаслушавме дискусии кои што се вон темата. Погледнете го на мир она што денес го дискутиравме.

Второ, сакам да укажам најдобро намерно, ако вие имате фобија од премиерот Груевски, тоа е ваша работа и како дежурен бауч да го чувствувате зад вратата, тоа е ваша работа. Меѓутоа, дискусиите да ги насочувате секогаш кон тоа и ние овде во Парламентот да слушаме или граѓаните да слушаат, верувајте им е досадено.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Госпоѓо Авировиќ, вие сте токму една од вљубениците на водачот. Кратко ќе ви одговорам. Некои реплики, на пример, како вашата госпоѓо Авировиќ навистина не заслужуваат контрареплика.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Збор има пратеникот Ташева Виолета, повелете.

**Ташева Виолета:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Републиката се уредува со Уставот на Република Македонија и Деловник. Деловникот како основен акт за работа на Собранието претставува нормативна претпоставка.

Почитувани колеги, пратеници. Тој е претпоставка за успешно и ефикасно остварување на функциите на пратениците на работните тела и на Собранието во целина. Според собраниската архива од 1991 година Собранието работело врз основа на привремен деловник. Во јули 2002 година донесен е Деловник со кој се утврдиле правилата за работа на Собранието, согласно позицијата и надлежностите на Собранието на парламентарниот систем воспоставен со уставот од 1991 година. Донесувањето на Деловник е константна потреба со која секогаш се вградуваат новите процедурални правила и норми кои одговараат на европските стандарди, посебно во

поглед на усогласувањето на нашето законодавство со правото на Европска унија. Секоја измена треба да биде насочена кон дефинирање на такви процедурални норми, кои ќе бидат основ за изградба на конзистентен правен систем на Републиката, со почитување на прицнипот на владеењето на правото на правната држава и развој на Парламентарната демократија. Вака стои во уводникот на Деловникот. Во дискусиите на пратениците од опозицијата се посочи дека треба да внимава кога се носи нов деловник. Имено, тие ценат дека новиот деловник Собранието треба да го донесе на крајот од својот мандат, за да не се јавел сомнеж дека парламентарното мнозинство сака да ја замолчи опозицијата.

Почитувани колеги пратеници, оние кои се сомневаат се сомневате и ја протежирате оваа теза, потсетете се дека јули 2002 е пред септември 2002 година. Ако се погледне хронологијата на носење на деловник, недвосмислено е јасно дека таа теза е апсолутно неприфатлива. Демагошки е да се залагаш за ваква теза ако истата не ја потврдевте со донесување на деловник на крај од својот мандат.

Почитувани колеги од опозицијата и нема повеќе да зборувам што се сте можеле, а не сте направиле односно што се не сте смееле, а сте го направиле. Денес е важно дека потребата за доенсување на современ деловник, треба да ја цениме според јасно дефинираната цел за која и служи, а тоа е успешно и ефикасно остварување на функцијата на пратениците на работните тела и на Собранието во целина. Тоа е целта. Тука сме да водиме конструктивни дискусии, да даваме предлози, да усвоиме предлог за донесување на деловник и конечно да му овозможиме на Собранието да ја надмине оваа состојба.

Почитувани колеги пратеници, во Собранието секојдневно се водат седници на кои дебатите за еден закон траат и по 45 дена. Во континуитет се повторуваат исти содржини, ист текст, со што се злоупотребува времето на сите пратеници во Собранието. А, со тоа работата на Собранието, ќе се сложите дека е неефикасна. Во ваквоиот приод во работата и делувањето на опозицијата, ценам дека не е конструктивен, ниту пак ја гледам нивната заложба за дијалог. Ценам дека политичкиот дијалог во Собранието се води во собраниската сала, каде од говорницата јасно се кажува политичкиот став и мислењето. Стоењето пред собраниските ходници може би е нешто друго, но не е според моето длабоко убедување и ценење политички дијалог или било каков дијалог.

Почитувани колеги пратеници, предлогот за донесување на деловник ценам дека треба да се разгледува првенствено во зависност од следното, потребата од донесување на деловник. Потребата од донесување на нов деловник била констатирана и во претходниот состав на Собранието. Тука, во потполност се сложувам со оваа констатација. Недвосмислено е за мене јасно дека оваа потреба е очигледна, неопходна за сите, како за опозицијата, така и за позицијата. Потребата нови решенија што ќе не доведат до ефикасна и успешна работа треба да претставува нов деловник.

Втората работа која е особено важна за донесување на овој Предлог на деловник, во секој случај ќе се сложите тоа се начелата врз кои треба да се започнува еден деловник. Ценам дека тоа е првенствено ефикасноста во работењето на Собранието и работните тела, доследно остварување на првата и должностите на пратениците.

Почитувани колеги пратеници,

Согласно законот за пратеници во кои се уредуваат прашањата за извршување на функцијата пратеник, како правата и должностите на пратениците во Собранието на Република Македонија, во делот работно време, член 22 и 23 "Пратеникот освен во редовната работа и заседание на Собранието и неговите работни тела, должен е да остварува редовни контакти со граѓаните, редовни контакти и консултации со невладини организации, контакти, соработка и консултации со Синдикатот и со здружение на граѓаните, соработка со меѓународни организации и други активности од надлежноста на Собранието, посебно со проучување на иницијативите и предлозите за потребата од донесување на закони и други прописи и општи акти. Од досегашното функционирање на овој Парламентарен состав,доколку сме искрени кон себе и кон граѓаните кои не избраа да ги претставуваме во овој дом, тогаш нема да згрешиме ако кажеме дека голем дел од горенаведените должности не сме ги завршиле, не сме ги исполниле, почитувани колеги. Во Собранието во овој Парламентарен состав закажани се 28 седници, од кои 23 се работни според службите во Собранието. Ако знаеме дека пред нас се најдоа 63 закони од кои донесени се само 37, сработената работа е едвај нешто повеќе од половина. За жал, останатите чекаат и уште долго ќе не чекаат ако не се сложиме дека еден нов современ деловник е предуслов за ефикасно работење. Обемот на работата со која се соочуваме и која допрва доаѓа, а особено ако внимателно сме го проучиле извештајот за напредокот на Република Македонија за 2006 година на Европска унија, особено во четвртиот дел каде е направен осврт за способноста за преземање на обврските поврзани со членството во Европска унија, во скоро сите 33 поглавја заклучокот претставува препорака да се направат напори за усогласување на законодавството со Европска унија.

Почитувани колеги пратеници, описните оценки во скоро 90% од заклучоците укажуваат дека усогласувањата се во рана фаза, недоволни, почетна фаза со одреден напредок или воопшто нема напредок. Ќе се сложите, обемна работа која доколку немаме ефикасност во работењето на Собранието, тешко дека ќе можеме до крај и

доследно да го спроведеме истото и да одговориме на очекувањата на Европска унија.

Ваквата состојба сакам да верувам дека никој не ја посакува, ниту ја создава, бидејќи иднината на Република Македонија е во реформите и евроинтегративните процеси и влезот во НАТО структурите.

Третата работа за која верувам ќе се сложите, почитувани колеги пратеници е и рационализирање на постапката за донесување на законите и другите акти и нагласеноста на улогата на работните тела. Во текстот на предлогот за донесување на деловник на Собранието, се прават квалитативни промени, при што се дава поголема тежина и сериозна улога на работните тела на Собранието. Како позначајни позитивни измени секако се одредбите што се однесуваат на отсуството од седниците на Собранието и на работните тела, постапка за разгледување на предлозите на законите, роковите, временското димензионирање на говорот на пратениците, содржината на предлозите на законите, предвидување на ден за гласање одредби кои се однесуваат на законите кои не се поднесени од Владата на Република Македонија, употребата на јазикот итн.

Почитувани колеги пратеници, иако сите пратеници се вклучени во работата на работните тела, иако сите ги добија извештаите од седниците на истите работни тела на кои се разгледувал Предлогот за донесување на деловник на Собранието, повторно се водат повеќедневни дебати во кои не слушаме ништо ново од предлози и содржини во прилог на текстот на Предлогот на деловникот. Зарем ова не е уште еден показател за потребата за донесување на овој нов современ деловник.

Затоа, јас ќе го поддржам Предлогот за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам за вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално има збор пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе,

Согласно член 58, во вашите обврски стои дека треба да се грижите за остварување на правата на пратениците и барам одговор од вас, бидејќи господинот Витанов беше на ред да зборува, а сега некој го пријави на крај, а не беше во салата, по кој деловник тоа е направено, кој ја злоупотребил неговата картичка, по кој член од Деловникот. Барам објаснување да ни дадете како човек кој во овој момент, согласно член 58, се грижи за правата на пратениците. Кој го злоупотребил правото на господинот Витанов или кој ја има неговата картица. Благодарам.

**Бесим Догани:** Во ред, благодарам.

Јас навистина не знам дали пратеникот Витанов дојде или не, бидејќи не можам буквално сите работи да ги следам. Пред се се грижам да слушам што зборуваат пратениците.

Ве молам, ако пратеникот Витанов навистина не дошол, тогаш би побарал да се повлече. Ако е дојден, тогаш се е во ред.

Навистина не можам да ги следам буквално сите работи, бидејќи прва работа ми е да слушам што говорат говорниците.

Дали некој од пријавените се јавил за реплика или сите бараат збор?

Нема пријавени за реплика.

Бидејќи пратеникот Борис Кондарко не е тука, тогаш и давам збор на пратеничката Благородна Дулиќ. Повелете.

**Благородна Дулиќ:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги,

Дискутираме за едно многу важно прашање, за Предлог за донесување на деловник за работа на Собранието на Република Македонија. Кажано е дека донесувањето на овој деловник овде во две фази и дека согласно сегашниот Деловник прво треба да дискутираме за потребата од донесување на овој деловник. Потребата беше објаснета од предлагачот, односно во име на предлагачот господинот Вељаноски објасни од кои причини и како е потребно донесување на овој деловник и дека таа потреба е согледана уште во минатиот состав на Парламентот.

Изгубивме цел ден за тоа да утврдиме дали примерок од тој деловник кој бил подготвен од стручни луѓе по налог на господинот Јордановски како претседател на Собранието бил добиен од пратеничката група на СДСМ. Мораше да се проверуваат дури и писмените комуникации со оваа пратеничка група за да се утврди тоа, а потоа следуваа  процесуални забелешки, така што еден ден изгубивме само на тоа. Еве пример колку сме ефикасни во својата работа. Меѓутоа, на крајот сепак во своите дискусии било од позицијата или од опозицијата сите се согласија во едно: дека понудените решенија за постапката за донесување закони се добри и дека така треба да се работи, односно пред се работата треба да се сведе во работата по телата, а потоа во три фази да оди донесувањето на законите. Ако е тоа така, сето друго што не оддалечува во приближувањето на ставовите, мора да најдеме начин да се приближиме и да ги решиме тие противречности, затоа што основната дејност на Собранието на Република Македонија е токму донесување на закони.

Се потсетувам дека во последната колумна на госпоѓа Шекеринска, со која простуваше опд читателите, го цитираше Иво Андриќ од неговата книга “Знакови поред пута”, така се вика во оригинал. Таа книга сум ја прочитала и јас и во сеќавање ми остана приказната за две ежиња кои живееле во една дупка и кои  додека било лето немало проблем за комуникација, меѓутоа, кога дошла зима им пристудело и барале начин како да се стоплат. Меѓутоа, кога ќе се приближиле премногу се боцкале меѓу себе и нормално тоа ги

болело и морале да се оддалечат. Во натамошната постапка се приближувале и се оддалечувале толку на таков начин што да постигнат едновремено да не се боцкаат, а исто така и да се загреат меѓу себе и така да општат.

Можеме ли ние навистина тоа преку дијалог да го оствариме со опозицијата. Кога се затворени во своите ровови и по одредени прашања за кои навистина во секој однос ќе се најде решение, ние тоа не можеме да го најдеме. Не можам да сфатам каква логика има тоа, сега да го донесеме овој деловник онака како што е предложен, а примената да ја одложиме за четири години. Па зошто сега да го донесуваме ако примената ја предлагаме за четири години, тоа не е за месец два. За четири години кој знае што ќе се случи и што ни предвидува Нострадамос и со Земјата воопшто што ќе стане, а камо ли во нашето Собрание. Според тоа, смешно испаѓа ние да носиме еден акт кој ќе го применуваме после четири години-"држми Боже душата", вели нашиот народ.

Ве молам, која е таа логика ние да паднеме во таква замка, за да си го прифати на таков начин секој од пратениците деловникот како свој. Па тоа не е ниту мој, ниту твој, ниту ничиј. Тоа е на сите пратеници во Собранието на Република Македонија.

Меѓутоа, битно е уште нешто друго, дека овој деловник ги пропишува правилата на однесување во постапките кои се во надлежност на Собранието. Меѓутоа, тој правилник не се носи за пратениците, тој се носи за работата, тој ќе овозможи ефикасна работа на Собранието, а во корист на граѓаните на Република Македонија. Пак се враќаме на она што ни го дал мандатот. Овој деловник не го донесуваме ни за партиите, ниту за водачите на партиите, ниту за пратениците, туку го донесуваме токму во корист на граѓаните на Република Македонија да бидеме ефикасни во своето работење.

Што се однесува до ограничувањето на дискусиите, мислам дека толку аргументи беа дадени, дали ќе ги крстиме временско ограничување, димензионирање или било како, се знае дека тоа се прави со цел пратениците да бидат одговорни при своите дискусии, да се подготвуваат и да знаат за што ќе зборуваат кога ќе се јават за збор, а не да ја злоупотребуваат говорницата и не тогаш да размислуваат што ќе кажат и во кој правец ќе се движат. Никој не е должен овде пред се да го слуша тоа, ниту е во функција што е важно за работата на Собранието.

За присутност, ако видите кој од дискутантите било од една или од друга страна се буни, ќе видите дека се бунат тие што најмалку се присутни во собраниската сала од пратениците. Дали тие бркаат некои приватни работи, дали бркаат партиски работи, дали бркаат бизнис, тоа не е важно, важно е дека не се тука и дека ја опструираат работата на Собранието на Република Македонија и да не се вадат дека отсуството било заради контакти со граѓаните. Еден нека ми посочи дека отсуството му било заради тоа.

Исто така, не можеме секогаш да кажеме дека позицијата е таа што мора да го прави кворумот. Кај го има тоа, во кој деловник и во која демократија тоа се остварува, ве молам. Опозицијата може да гласа за, против, воздржано, па дури можам да го прифатам и тоа да каже по ова прашање сум незадоволен, не сакам да гласам и затоа ја напуштам салата. Меѓутоа, да ѕиркаат на вратата и да се смеат, демек ја зафркнале позицијата со тоа што излегле и некој отишол, дали по физиолошка потреба или заради нешто друго, моментално немало кворум во собраниската сала, тоа е несериозно и не може да се прифати никако.

Според тоа, предлагам за отсуствата не само парично да бидат задолжени, односно да им биде намалена платата, туку за отсуство на пратениците да се извести задолжително координаторот и јавноста преку средствата за јавно информирање на одредени временски периоди да каже кој пратеник отсуствувал неоправдано во работата на Собранието на Република Македонија.

Според тоа, колеги, сметам дека на сите ни е јасно дека донесувањето на деловник е повеќе од потребно, дека ние се блокираме самите себе, дека сме смешни пред граѓаните на Република Македонија дека сме изложени на огромна критика од граѓаните на Република Македонија, заради тоа што јас навистина контактирам со нив и секогаш ме прашуваат што правите, што губите време, што дозволувате да зборуваат она што не е на дневен ред. Затоа, во секој поглед го поддржувам предлогот што побрзо да го донесеме деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Процедурално има збор пратеникот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Благодарам потпретседателе.

Навистина сакам да ве прашам, вас како претседавач на седницата е господинот Макрадули, да знаеме за во иднина дека треба секое мое присуство или отсуство од Парламентот да го пријавувам кај него, или едноставно кога и онака дискутираме за новиот деловник, тогаш да предложиме секој што има потреба да излезе или да се откаже од дискусија и повторно да се пријави поради други ангажмани овде во Собранието, да се пријавуваме кај господинот Макрадули, барем додека е тој пратеник во Парламентот, само за да не доаѓаме до такви недоразбирања, бидејќи не сум знаел дека треба кај господинот Макрадули да се јавам кога влегувам во Собранието, поради други ангажмани се откажувам од дискусија и се ставам последен, што е сосема легитимно и во согласност со актуелниот деловник и повторно да излезам, нормално, претходно да му се јавам на господинот Макрадули. Благодарам.

**Бесим Догани:** Јас го удоволив барањето на господинот Макрадули за процедурална забелешка, бидејќи тој рече дека се злоупотребила картичката и тука донекаде има право, но еве, вие сте тука и мислам дека се е во ред.

Тука ја прекинувам оваа седница поради завршување на работното време.

За понеделник во 11,00 часот го најавувам новото продолжение на Дваесет и деветата седница.

(Седницата прекина во 18,00 часот)